УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ“-СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – ИНСТИТУТ ПЕДАГОГИЈА

ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА

- МЕНАЏМЕНТ ВО ОБРАЗОВАНИЕ-

-Магистерски труд-

# „ОБРАЗОВНИОТ СТАТУС НА УЧЕНИЦИТЕ РОМИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

Ментор:

Проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска

Кандидат:

Кристина Јованоска

Скопје, април 2018

## СОДРЖИНА


Абстракт ... 4

Вовед ... 5

1. **Теоретски пристап на проблемот** ... 6

1.1.Воспитно-образовниот систем на Република Македонија ... 7

1.2. Ромите во Република Македонија ... 9

1.3. Вклученоста на Ромите во воспитно-образовниот процес ... 11

1.4. Унапредување на правата на Ромите преку образование ... 12

1.5. Меѓународната правна рамка за состојбата на Ромите ... 15

1.6. Општите слабости на образованието на Ромите и предизвиците ... 18

1.6.1. Бариерите за квалитетното воспитание и образование на Ромите ... 25

1.7. Националните стратегии за образованието на Ромите ... 29

2. **Методологија на истражувањето** ... 37

2.1. Предмет на истражување ... 37

2.2. Цел и карактер на истражувањето ... 37

2.3. Задачи на истражувањето ... 38

2.4. Општа хипотеза ... 38

2.4.1. Посебни хипотези ... 38

2.5. Методи, техники и инструменти ... 39

2.6. Варијабли ... 39

2.7. Примерок на истражување ... 40

2.8. Обработка на податоците ... 41

2.9. Календар на истражувањето ... 41

3. **Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето** ........ 43
3.1. Дескриптивна статистика на варијаблите – приказ на фреквенции ........ 43
3.2. Конклузивна статистика и интерпратација на хипотези ........ 55
3.3. Дискусија за резултатите ........ 58
4. **Заклучни сознанија и препораки** ........ 63
Користена литература ........ 66
Прилози ........ 69
Прилог број 1. Прашалник за членови од стручни служби ........ 70
Прилог број 2. Прашалник за наставниот кадар во средните училишта ........ 77

## Абстракт

Актуелноста на реформите во социјалната сфера за социјализирање на ромската популација преку сите општествени сегменти со посебен акцент на воспитно-образовниот систем и студиите и истражувањата во оваа насока беше основниот мотив за ова теоретско-емпириско истражување на тема: „Образовниот статус на учениците Роми во средното образование во Република Македонија" за придонес во оваа проблематика, како и за моето лично професионално усовршување. Многу студии и истражувања укажуваат на сериозни проблеми во наставата со учениците Роми, иако влијанието на многуте проекти за социјална интеграција на ромската популација даваат позитивни ефекти, но во квантитативен контекст. Очигледно, квалитетот на образованието на Ромите е ниско рангиран во споредба со учениците од другите заедници. Ова е голем предизвик за Република Македонија, особено кога се зема во предвид фактот дека постои потреба системски и тоа на сите образовни нивоа да се иницира реформа за подигнување на квалитетот на образованието на учениците Роми.

Во ова истражување се анкетирани 84 наставници кои реализираат настава со учениците Роми и 36 членови на педагошката служба во тие средни училишта кадешто партиципираат ученици Роми и тоа во општините Прилеп, Гостивар и општини во градот Скопје, кадешто со дескриптивни и конклузивни статистики се опфатени сите сегменти на воспитно-образовниот процес во кои учествуваат учениците Роми. Преку ова истражување се маркираа слабостите (над 45% од испитанците укажуваат на потешкотии во наставата со овие ученици) и се рангираа по факторијална анализа, потоа се евидентираа сите препораки и искуства на испитаниците и на крај од самите ставови на испитаниците се заклучи дека постојат големи слабости во образованието на учениците Роми во средното образование. Секако, ставовите од испитаните целни групи се разликуваат на општинско ниво ($F=1.65$ и $0.046<0.05$) кадешто учат овие ученици. Може да се заклучи дека ставовите кои се однесуваат на постоење на потешкотии во работата со учениците Роми од средношколската популација се понагласени во општините од градот Скопје, наспроти општините Прилеп и Гостивар.

## Вовед

Уставот на Република Македонија и општата правна рамка предвидуваат еднакви можности за образование за сите нејзини граѓани, согласно на меѓународното право и меѓународните конвенции. Република Македонија е потписник на сите позначајни меѓународни конвенции и декларации кои се однесуваат на правата на човекот, правата на децата и правата на образование. Законската регулатива овозможува образование во согласност со негувањето на сопствениот идентитет. Имено, во Концепцијата за деветгодишно образование изработена од Бирото за развој на образованието, како орган на Министерството за образование и наука, е наведено дека „мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници“.[1]

Целта на оваа анализа е да понуди увид во состојбите во образованието на Ромите, слабостите и предизвиците со кои се соочува македонското општество во тој поглед. Може да се каже дека општата правна рамка овозможува поволни услови за развој на образованието и општата добросостојба на Ромите во РМ. Овие општи рамки, кои секако треба постојано да се подобруваат, нудат основа врз која би можеле да се креираат проактивни стратегии и механизми за имплементација на заложбите и крајните цели. Во Република Македонија се реализираат повеќе активности и мерки кои се директно насочени кон унапредување на образованието на Ромите. Оваа анализа е фокусирана на нив и на нивните ефекти врз образованието на Ромите, согледана од повеќе аспекти, а пред сè: почитувањето на правото на образование; образованието на Ромите гледано низ квантитативни и квалитативни показатели; мултикултурниот карактер на образованието и дали тоа овозможува развој на идентитетот согласно на Концепцијата за деветгодишно образование.

[1]Според Концепција(та) за деветгодишно образование (2007). Биро за развој на образованието. Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 73.

# ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. Теоретски пристап на проблемот

## 1.1.Воспитно-образовниот систем на Република Македонија

Воспитно-образовниот систем во Р. Македонија преживеа продолжена транзиција. Во најголем број области во системот беа воведени промени, но сè уште се потребни значајни реформи. Со редуцирањето на јавната потрошувачка за образованието, тоа генерално има низок приоритет, кој е меѓу најниските во источноевропски и во средноевропски рамки, и како фактичка потрошувачка и како процент од БДП. Постојната и расположливата социјална помош не е соодветно поврзана со образованието. Недостигаат поттикнувања за подобрување на квалитетот на предавањето и постојат сериозни проблеми во врска со квалитетот на сите нивоа на образованието.

Започната е голема активност за децентрализација и таа ќе биде продолжена и во текот на 2007 година, со што на локалните власти ќе им се дадат позначајни права и одговорности во врска со образованието. Но, тоа исто така содржи и одредени ризици кога станува збор за образованието на Ромите. Најважните проблеми што му се закануваат на квалитетот на образованието на Ромите во Македонија се следните: неадекватно финансирање на образованието и недоволните механизми за финансирање,нема никаква социјална поддршка која што промовира помасовно вклучување на Ромите во воспитно-образовниот процес. Инструментите за поддршка, како што се приходите, стипендиите, учебниците, бесплатните оброци, изземањето од плаќање за вклучување во предучилишните активности итн., се достапни преку програмите финансирани од страна на меѓународните донаторски агенции или им стојат на располагање само на оние во специјалното образование.

Традиционалниот воспитно-образовен систем не овозможува да им се посвети дополнително внимание на децата кои покажуваат слаби резултати во учењето. Родителите, некогаш со помош на донаторите, мора да платат за услуги како што се: воннаставните активности, менторството, индивидуалното туторство или подготовките за полагање на приемен испит итн. Тековниот механизам за финансирање се базира на бројот на паралелките што ги предвидува училиштето и коишто се квалификуваат. На тој начин училиштата се охрабруваат да ги минимизираат напорите и да избегнуваат да запишуваат

ученици на кои им е потребно посебно внимание. А, и доколку се запишат, тенденцијата е по две години школување бројот на овие ученици да се намалува, заради отсуство на внимание од страна на училиштата. Досега немало никаква пилот програма за воведување на формулата за финансирање по ученик и во рамките на новиот Закон за децентрализација сè уште не се дискутирало доволно за оваа идеја. Се чини дека, доколку се воведе децентрализирано финансирање на образованието, без притоа да се разработи нова формула за финансирање и механизми за компензација, ризикот оваа ситуација и натаму да се влошува е многу голем.

Образованието што го обезбедува државата во значителен степен го надополнуваат невладините организации, кои се финансирани од меѓународната донаторска заедница. Кога станува збор за Ромите, најголем дел од недостатоците на официјалниот државен систем се компензирани преку активностите на ромските невладини организации. Иако оваа работа создаде динамично граѓанско општество кое се занимава со образованието, тоа несакајќи придонесува за натамошно намалување на вниманието што им се посветува на децата Роми во предучилишните и во училишните институции. Се развива имплицитна „поделба на трудот". Финансиски, ситуацијата е веќе неодржлива и, долгорочно гледано, може да предизвика препреки во развојот на воспитно-образовниот систем. Сè уште постојат административни бариери за запишување во предучилишното и во основното образование, со оглед на тоа дека многу ромски семејства не ја поседуваат потребната документација и социјална поддршка од страна на државата. Најавената делумна приватизација на предучилишните установи, а во тие рамки и последиците што ќе произлезат од неа, би можеле уште повеќе да го загрозат пристапот на Ромите во предучилишниот воспитно-образовен систем.

Сегрегацијата во посебни училишта и во посебни одделенија е сè уште вообичаена практика во Р. Македонија и нема голема реакција на овој проблем, дури и од страна на ромската заедница. И покрај политиките за поддршка, училиштата генерално не им укажуваат „добредојде" и не им даваат поддршка на децата Роми. Овие деца се соочени со системски препреки кои се состојат од повеќе делови и кои придонесуваат за нивните слаби резултати и за високата стапка на намалување на нивниот број и за ниската стапка на запишување во повисоките нивоа во воспитно-образовниот систем. Во рамките на тие

недостатоци се вбројуваат:дискриминација на сите нивоа на системот, отсуство на оперативни и општоприфатени механизми за борба против дискриминацијата во училиштата, што во одредени случаи води кон поцелосна сегрегација.

Наставните програми во училиштата не го поддржуваат целосно мултикултурализмот, а системот за оценување се базира на оценки без стандарди и објективно мерливи критериуми, обезбедувајќи доволно извори за можни пристрасни и дискриминирачки оценувања на деца-Роми. Застапеноста на родители Роми во училишните одбори е на мошне ниско ниво и тие не можат да учествуваат во процесот на донесување на одлуките во училиштето. Училишните политики остануваат нечувствителни за потребите на учениците Роми, а соработката со ромските невладини организации ретко кога е поддржана.

Квалитетот на образованието на Ромите во многу случаи е супстандарден, особено во раните фази на образованието, така што деца-Роми едноставно се префрлаат во наредното одделение без да треба да ги исполнат и минималните барања. Како последица на тоа, учениците Роми се соочуваат со огромни тешкотии кога треба да се интегрираат во повисоките одделенија, а таквата ситуација доведува до тоа многу ученици да го повторуваат одделението, односно доведува до намалување на нивниот број. Не постои целосно конзистентна политика за привлекување и за поддршка на Ромите да студираат на факултетите кои профилираат наставен кадар, такашто постои недостаток од наставници Роми на ниво на предучилишно и на основно образование. Наставниците кои не се Роми честопати се оптоварени со негативни етнички стереотипи и со предрасуди кон Ромите. Исто така, има недоволен број квалификувани наставници и/или обучувачи за наставници кои солидно го зборуваат ромскиот јазик. Покрај тоа, нема катедра за ромологија на универзитетско ниво, ниту пак други институционални структури коишто би можеле да осигураат снабдување со квалификувани наставници Роми.

## 1.2. Ромите во Република Македонија

Според Пописот од 2002 година, застапеноста на Ромите во вкупното население во Р.М. изнесува приближно 2.7% (53.88) , со што Ромите се четвртата по големина етничка заедница во државата (по Македонците, Албанците и Турците). Според некои проценки на

локалните ромски невладини организации, застапеноста на Ромите во вкупното население е многу поголема и изнесува дури и до 6%. Оттука, планираниот попис во 2011 година имаше исклучително голема важност, која може да се согледа од повеќе аспекти. Ќе требаше да бидат опфатени сите оние кои немаат постојано место на живеење или немаат документи. Ова е потребно затоа што само објективен податок за уделот на ромската во вкупната популација ќе биде основа за градење на посеопфатни стратегии во доменот на различни општествени сфери, а меѓу нив и образованието. Во таа смисла, потемелно би се осмислувало создавањето услови сите да го уживаат правото на образование и да имаат еднаква можност за пристап до образование, а воедно и да се превенираат потенцијални социјални проблеми.

Објективните податоци ќе бидат основа за стратегии и во други домени, како што се: домување, здравје и вработување, како приоритети зацртани со Декадата на вклучување на Ромите. Утврдувањето на големината на ромската популација во Р.М. ќе овозможи и поинаква позиција при остварувањето на правото за правична застапеност на Ромите во институциите на државата, што е предуслов и за создавање на критична интелектуална маса за имплементација на повеќе процеси во различни сфери од живеењето. Според Пописот од 2002, како подетнички групи на Роми во Македонија се јавуваат: Арли, Барутчија, Џамбази, Гиланлија, Конопари, Ковачи и Топаанила. Повеќе од 90 проценти од Ромите во Македонија се Муслимани, а приближно 80 проценти од Ромите го зборуваат ромскиот јазик како прв јазик. Официјалните податоци од 2010 година укажуваат дека 5,2 проценти од сите невработени лица се Роми.

Податоците од 2008 овозможуваат увид во образовниот профил на невработената ромска популација. Имено, 33 проценти немаат довршено основно образование, 7 проценти имаат целосно или нецелосно средно образование, а само 0.1 процент (31 лице) имаат завршено високо образование. Анализата на УНДП направена во 2010 година открива дека стапката на невработеност на Ромите во 2008 година изнесувала 75 проценти и е највисока во споредба со сите етнички заедници во Македонија и повеќе од двојно од државниот просек од приближно 30 проценти. Прашањето на сиромаштијата е исклучително важно во контекст на образованието, бидејќи е познато дека ниското или недоволно образование е причина за сиромаштијата, но и последица од сиромаштијата. Ромите живеат во 64 од вкупно 85 општини во државата. Приближно 45 проценти од

ромската популација во Македонија живее во десет општини: Битола, Дебар, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Прилеп, Штип, Тетово и Виница. Речиси истиот процент на ромска популација (43,1 процент) живее во главниот град Скопје, а половина од нив се во општината Шуто Оризари каде што Ромите се мнозинство.

## 1.3. Вклученоста на Ромите во воспитно-образовниот процес

Вклученоста на Ромите во воспитно-образовните процеси е анализирана во неколку документи во последните години. Во документот Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци (Фонд за образование на Роми, 2010), направена е анализа врз основа на податоците од Државниот завод за статистика, МОН, други државни институции, како и релевантни документи подготвени од невладини организации.

Податоците од Министерството за труд и социјална политика покажуваат дека во учебната 2008/2009 година, 709 Роми завршиле основно училиште, што е под 60% од веројатната бројка на Роми на таа возраст. Во истата учебна година, 310 Роми завршиле средно училиште (од кои 230 во четиригодишни средни училишта, а останатите во тригодишни средни училишта), или приближно 25% од веројатната популација Роми на таа возраст.[2] Официјалните податоци за отпишувања на Ромите за учебната 2007/2008 година зборуваат за бројка од 243 (136 момчиња и 107 девојчиња) во однос на основното образование и 53 (27 девојчиња и 26 момчиња) во средното образование. Но, иако и овие бројки се поразителни, особено загрижува практиката со која во некои училишта со значителен удел на ученици-Роми осипување официјално не е регистрирано или е претставено како незначително.

Со оглед на тоа што веројатно осипувањето не се пријавува, заедно со појавата на фиктивно запишување во училиште, реалната ситуација со вклученоста на Ромите е далеку полоша и долгорочно катастрофално се одразува врз нивното образование. Во поглед на образованието на возрасни, бројката на Роми кои во учебната 2007/2008 година посетувале основно училиште за возрасни е 332, од кои 232 биле мажи, а 100 жени. Од вкупно 8188 студенти кои завршиле високо образование во 2007 година, само 13 се Роми,

[2] Фонд за образование на Ромите. (2014). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите, Будимпешта

или само 0,16%. Во Делчево и Берово вонредно средно образование посетувале 52 лица, од кои 50 го завршиле средното образование,а три од нив се запишале и на факултет. Показател, кој од друг аспект ја илустрира вклученоста на Ромите во образованието е вкупната бројка на наставници-Роми. Во основните училишта има дваесет наставници-Роми, а само три наставници-Роми се вработени во средни училишта.[3]

На прв поглед, достапните податоци покажуваат дека севкупната опфатеност на Ромите во воспитно-образовниот систем во Македонија се зголемува. Но, мора да се има предвид дека тоа, пред сè, е резултат на исклучително ниските стапки во претходните години.[4] Воедно, во постојните статистички извештаи отсуствуваат податоци кои реално би ја отсликале состојбата со вклученоста на децата од номадските семејства, децата од улиците и децата кои сакаат да се запишат за првпат на училиште, на возраст помеѓу десет и четиринаесет години, а кои се соочуваат со одредени пречки во однос на остварувањето на правото на образование.

## 1.4. Унапредување на правата на Ромите преку воспитание и образование

Во документот Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци (Фонд за образование на Роми, 2010), даден е преглед и на програмите финансирани од донатори. Истакнати се неколку значајни програми, а меѓу нив: Програмата за образование на Роми е можеби најголемата иницијатива финансирана од донатори, а спроведена од страна на невладините организации за образование на Ромите во Македонија. Со вкупен буџет од приближно 5 милиони евра за периодот 2004- 2014, обезбеден од страна на Агенцијата на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој (УСАИД), Детската фондација „Песталоци" и ФИООМ, проектот го имплементира Фондацијата Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ), во соработка со пет локални ромски невладини организации. Главната цел на програмата е да ги подобри стапките на задржување и проодност, како и успехот на опфатените деца и младите луѓе. Таа се спроведува преку позитивни

[3]Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, 2014 Министерство за труд и социјална политика – Декада и стратегија за Роми

[4]Фонд за образование на Ромите. (2014). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите

интервенции во предучилишното, основното и високото образование. Околу 180 деца на предучилишна возраст се корисници на активностите на ромските воспитно-образовни центри лоцирани во пет ромски населби (Дендо вас во Даме Груев, Скопје; Сончогледи во Кланица, Скопје; Врама си во Лозја, Куманово, Кхам во Средорек, Куманово и Помош за хендикепираните и сиромашните во Тризла, Прилеп). Фокусирајќи се на основите од математика и од македонски јазик, како и на развивање на социјалните и на когнитивните вештини, овие центри ги подготвуваат децата за успешен почеток на основното образование.

Ромските воспитно-образовни центри секојдневно обезбедуваат воспитно-образовна вонучилишна поддршка за околу 900 деца од основното образование од осум основни училишта, вклучени во проектот во пишување домашни задачи и туторство по различни наставни предмети. Универзитетската компонента на програмата обезбедува туторска помош за околу 80 студенти-Роми од различни академски години и студиски програми. Студентите имаат можност да посетуваат курсеви по англиски јазик и по компјутери, да иницираат и да спроведуваат мали студентски иницијативи и проекти, да учествуваат во обуки за социјална правда и во други обуки на различни теми, а на располагање имаат библиотека и интернет. Во рамките на програмата се спроведуваат обуки за (не)предрасуди, методи за работа со деца од маргинализираните групи, интеркултурно образование. Меѓу показателите за успехот на програмата е и фактот дека, како ефект од туторските програми, за прв пат, 5 ромски деца учествувале на државни натпревари.

Во периодот од 2005 до 2009 година, ФИООМ го имплементираше проектот Алијанса за инклузија на Ромите во образованието со финансиска поддршка од Ромскиот образовен фонд од Будимпешта, а спроведен во соработка со Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука на Република Македонија, со што се обезбедија вкупно 1464 стипендии и менторска помош за учениците- Роми во 78 средни училишта во државата. Од учебната 2009/2010 година овој проект се имплементира од страна на Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука на Република Македонија, со финансиска поддршка на Ромскиот образовен фонд.

Во соработка со 12 локални ромски невладини организации во 9 општини во државата, ФИООМ го имплементираше и проектот Еднакви образовни можности за учениците-Роми. Со поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија за периодот 2006-2009, овој проект имаше за цел зголемување на учеството на Ромите во основното образование во 10 училишта, преку материјална и академска поддршка на повеќе од 3300 основци и околу 130 наставници преку обуки за надминување на предрасудите и стереотипите, како и методи за активно вклучување на сите деца во наставата. Од 2001 година функционира програмата на ФИООМ на универзитетско ниво Ромаверситас, која има обезбедено приближно 400 стипендии за студентите-Роми. Покрај финансиската поддршка, со програмата се обезбедува и пристап до компјутери, библиотека и простор за учење, предавања, менторирање, организирани активности за социјализирање, мали грантови за истражување, обука и подучување. Финансиската поддршка за Ромаверситас се обезбедува преку ФИООМ, Ромскиот образовен фонд и УСАИД. Во соработка на Ромскиот образовен фонд и Министерството за труд и социјална политика, во 20 општини во државата се реализира проектот Инклузија на децата- Роми во предучилишното образование. По 19 деца од секоја од општините (со исклучок на Шуто Оризари од каде што се вклучени 70 деца), на една година пред редовното запишување во основното, се вклучени во предучилишното образование. Со поддршка на Ромскиот образовен фонд, во предучилишните установи во 20-те општини се ангажирани 21 негувателки-Ромки. За проектот Добар почеток, кој се спроведува во неколку држави, ЕУ преку Европската комисија обезбеди 1,9 милиони евра. Во Македонија тој се имплементира преку Ромскиот образовен фонд, во партнерство со локалните невладини организации. Во периодот 2010-2012, проектот таргетира над 2.500 деца на возраст од 0 до 6 години и нивните семејства, во пет места во Македонија.

Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, во соработка со ромската невладина организација „Сумнал" од Скопје, во учебната 2009/2010 година финансиски поддржа пилотен проект за обука на идните наставници: „Јакнење на капацитетот на идните наставници да работат во мултиетнички контекст преку зголемени практични можности со децата-Роми". Своја поддршка на проекти на невладини организации за вклучување на Ромите во образованието во Македонија дадоа и: Европската агенција за реконструкција, Фројденберг Штифтунг, Македонскиот центар за меѓународна соработка, УНХЦР и

УНИЦЕФ. Важна иницијатива, која е имплементирана заеднички од страна на меѓународен донатор и македонската влада, е Проектот за условни парични трансфери, во износ од 20 милиони евра финансиран со заем од Светската банка и имплементиран од Министерството за труд и социјална политика, почнувајќи од 2010 година. Иако директната целна група на овој проект не се Ромите, тој како целна група ги има корисниците на социјална помош, а неговото сосредоточување на средното образование го прави особено важен за ромската популација.

## 1.5. Меѓународната правна рамка за состојбата на Ромите

Повелбата за фундаментални права на Европската унија[5]е акт усвоен во текот на 2000 година, а стапува на сила истовремено со Договорот од Лисабон, во 2009 година. Во себе ги инкорпорира основните права на човекот и граѓанинот и ја реафирмира заложбата на Европската унија за еднаквост и искоренување на дискриминацијата. Повелбата ја уредува заштитата на човековото достоинство и граѓанските права и слободи и примената на начелата на еднаквост, солидарност и правда. Како таква, таа ги определува рамките на сите идни правни акти на европско и национално ниво, како и на сите идни мерки и активности на Европската унија и нејзините земји-членки, особено од аспект на почитувањето и заштитата на основните права на човекот и граѓанинот.

Со донесувањето на Директивата за спроведување на начелото на еднаков третман на лицата со различно расно и етничко потекло,[6]Европскиот совет ја определува рамката за борба против дискриминацијата на расна и етничка основа во земјите-членки на Европската унија. Принципите на недискриминација Директивата ги поставува во корелација со најзначајните сегменти на социјалната инклузија, особено: условите за пристап до вработување и самовработување, критериумите за селекција на кандидати при вработување, критериумите за унапредување на работно место, пристап до практична работа и стручно образование, услови за работа, основи за откажување на договорот за вработување, плаќање за работа, социјална заштита, здравство, образование и домување. Овој акт на Европскиот совет, ги повикува земјите-членки да ги превземаат сите неопходни мерки за воведување и почитување на принципот на недискриминација врз

[5]http://www.euic.mk/content/pdf/publications/charteroffundamentalrights_mk.pdf2000/C 364/01
[6] Исто 2000/43/EC

основа на расно и етничко потекло во националните законодавства, со што неговата примена би станала задолжителна.

Заклучоците на Европскиот совет од 14-ти декември 2007[7] предвидуваат донесување на активни мерки и политики за инклузија на Ромите, насочени кон интеграција на Ромите на пазарот на труд, мотивација за активно барање на работа, како и обезбедување на пристап до социјалните услуги. Имајќи ја предвид специфичната положба во која се наоѓаат Ромите кои живеат на територијата на земјите-членки на Европската унија, Европскиот совет повикува на зајакнување на напорите за превенција и борба против дискриминација, во и вон пазарот на труд. Европскиот Совет, притоа, им укажува на земјите-членки на Унијата на потребата да ги преиспитаат постоечките политики и инструменти за подобрување на инклузијата на Ромите и им наложува да поднесат извештај за истите до Советот, со што всушност апелира на еден проактивен однос и зголемен ангажман на земјите-членки во борбата за решавање на проблемите на социјалната исклученост на Ромите.

Заклучоците на Европскиот совет од 19-ти/20-ти јуни 2008[8] ја нагласуваат потребата од градење на Европската унија, како простор на слобода, безбедност и правда. Во таа смисла, Европскиот совет ја подвлекува и потребата од градење на заедничка миграциона политика, како и воспоставување на политики коишто ќе ги поврзат миграциите, вработувањето и развојот. Борбата против илегалната миграција е исто така фокус на овие заклучоци. Воедно, во точка 28 од заклучоците, Европскиот совет ги повикува земјите-членки на активна работа во полето на иновациите, истражувањата и развојот во областа на земјоделските производи, енергетската ефикасност и климатските промени.

Со Заклучоците за инклузија на Ромите од 28-ми мај 2009,[9] Европскиот совет ја поканува Европската комисија и земјите-членки на Европската унија, да ги земат предвид и применат Заедничките основни принципи за инклузија на Ромите[10]при креирањето и имплементацијата на политиките за целосна инклузија на Ромите и за остварување на фундаменталните права, водењето на борбата против дискриминацијата, сиромаштијата и

[7]http://www.euic.mk/content/pdf/publications/charteroffundamentalrights_mk.pdf
[8] исто
[9] исто
[10]10те Основни принципи се дадени во прилог на Заклучоците на Европскиот совет, 10394/09 а претставуваат необврзувачки насоки за доносителите на политиките за инклузија на Ромите во Европа.

социјалната исклученост, како и при обезбедувањето на пристапот до правдата, спортот, културата, образованието, здравствената заштита и домувањето. Во оваа смисла, Европскиот совет им препорачува на земјите-членки да водат конструктивни, прагматични и анти-дискриминаторски политики, коишто го истакнуваат интеркултурниот пристап и ја поттикнуваат активната вклученост на регионалните и локалните власти, но и на самите Роми, во подготовката и имплементацијата на политиките, програмите и плановите за нивно вклучување во нормалните текови на општественото живеење, а со цел искоренување на сегрегацијата.

Европскиот совет, преку Заклучоците за унапредување на инклузијата на Ромите од 27-ми Мај 2010,[11] апелира до Европската комисија и земјите-членки да ја подобрат социјалната и економската инклузија на Ромите во рамки на одлуките и препораките дадени од европските институции, преку обезбедување на поефективна примена на постоечките политики и инструменти. Земјите-членки се упатуваат да ги земат предвид донесените политики на европско ниво и европските финансиски фондови и инструменти, коишто може значајно да придонесат за полесна имплементација на напорите на земјите-членки за задоволување на потребите на Ромите и „коригирање на нееднаквостите". Исто така, овие заклучоци ја истакнуваат важноста и потребата од следење на насоките за инклузија на Ромите во Европа, наречени Заеднички основни принципи, при креирањето и имплементацијата на политиките за целосна инклузија на Ромите.

Заклучоците на Европскиот совет за Платформата за национални стратегии за интеграција на Ромите до 2020 година од 19-ти мај 2011, истакнуваат дека земјите-членки на Европската унија имаат примарна надлежност и одговорност при имплементацијата на политики чијашто цел е подобрување на социјалната и економска инклузија на Ромите. Европскиот совет со овој акт ги повикува земјите-членки да ја подобрат социјалната и економска состојба на Ромите, преку воспоставување на единствени политики во областа на образованието, вработувањето, домувањето и здравствената заштита. Притоа, во делот на образованието, се предлага превземање на мерки за надминување на проблемот со раното напуштање на воспитно-образовниот процес на ромските деца и појавата на сегрегација во училиштата, но и за воведување на програми за образование за возрасни. Во делот на вработувањето, се истакнува важноста на програмите за вклучување на

---

[11]http://www.euic.mk/content/pdf/publications/charteroffundamentalrights_mk.pdf10058/10

Ромите на пазарот на труд и за поддршка за самовработувањето, додека во делот за здравствената заштита и домувањето, акцент се става пред се врз социјалното домување. Европскиот совет ги повикува земјите-членки да усвојат или да ги ажурираат постоечките национални стратегии за инклузија на Ромите, како и да предвидат мерки и активности за социјална инклузија и подобрување на положбата на Ромите.

Препораката на Европскиот совет за ефективни мерки за интеграција на Ромите во земјите-членки од 9-ти и 10-ти декември 2013г., е акт којшто има за цел, да ја нагласи потребата од ефективни мерки на земјите-членки за постигнување на задоволително ниво на интеграција на Ромите и зајакнување на имплементацијата на националните стратегии за инклузија на Ромите. На земјите-членки им се препорачува да превземат мерки за обезбедување на еднаков третман и пристап на ромските деца до квалитетно образование и мерки коишто ќе овозможат ромските деца да го завршат барем задолжителното образование. Понатаму, на земјите-членки им се предлага да обезбедат еднаков пристап до пазарот на труд, здравствените услуги и домувањето, но и доволно средства за имплементација на националните и локалните стратегии и акциски планови. Меѓу другото, препораките повикуваат и на развивање на локални стратегии, планови, политики и мерки, како и на соодветно следење и оценување на ефективноста на имплементацијата на стратегиите, преку дефинирање на мерливи индикатори и собирање на квалитативни и квантитативни податоци за социјалните и економски ефекти на ваквите стратегии.

## 1.6.Општите слабости на образованието на Ромите и предизвиците

Оценките присутни во документите и изнесени од учесниците во интервјуата се совпаѓаат во ставовите дека како најмаркантни слабости во сферата на образованието на Ромите се издвојуваат: сè уште премногу ниската стапка на вклученост во воспитно-образовните процеси и осипувањето, нискиот квалитет на образованието, како и негативните ефекти на сегрегацијата во образованието.

Генерално, многу експерти се согласуваат во проценката дека и по многу години работа на владиниот и невладиниот сектор во сферата на образованието на Ромите, имаме состојба во која секое поместување, било во однос на предучилишното, основното или средното образование, е направено по иницијатива и со поддршка „однадвор", од меѓународни донатори и НВО, а споредено со важноста на прашањата, со мала поддршка

од домашните институции (интервју, универзитетски професор)". Може да се констатира извесна пасивност или во најмал процент, отсуство на проактивност кај државните институции, кои како да чекаат на иницијатива и финансиска поддршка однадвор,па како да постои навика на таква поддршка, иако во суштина станува збор за потреба од реформи во нашата држава и нејзините воспитно-образовни потсистеми.

Според видувањето на една интервјуирана испитаничка,..„основен проблем е квалитетот на образованието на Ромите. Сите заложби како да се насочени кон инсистирање децата од ромската популација да бидат запишани во училиште, а всушност, многу честа појава е тие да се запишани, а сепак отсуствуваат од училиштето, или имаат неквалитетна настава". Оваа појава е поттикната и од самите училишта, бидејќи полесно е наставата да се реализира без дополнителни напори кои треба да се вложуваат за да се постигнат резултати со децата кои имаат големи пропусти во образованието и потешко напредуваат (од разни причини). И кога се во училиште, практиката потврдува дека многу деца од ромската популација (но, не само тие, туку и многу деца од ранливите групи кои имаат посебни образовни потреби и потешкотии во учењето) само преминуваат во погорните одделенија се до ниво кога самите ќе се откажат, неможејќи да одговорат на редовните барања на наставата (најчесто на преминот од петто во шесто одделение, односно од преминот од одделенска во предметна настава). Иако ова вообичаено се прави „заради доброто на детето", ваквата практика истовремено доведува до ризик за ослободување на наставникот од одговорност во однос на академските способности на учениците. Ова е затоа што успехот со овие деца бара поголем напор и дополнителна работа од наставниците, а не затоа што децата немаат интелектуални потенцијали.

Дополнителен проблем е и јазикот на наставата, односно недостаток на методологија на настава кога наставниот (македонскиот) јазик не е мајчин јазик на учениците. Во една доброосмислена стратегија на државно ниво за унапредување на Ромите, нужно би требало да се води сметка за традицијата и вредностите кои се негуваат во ромската култура.

Треба да се изнајдат начини, како децата од ромската популација да развијат позитивен однос кон образованието, односно да се осмисли начин како образованието да се зајакне како вредност и посакувана цел во ромската култура. Имено, досега на Ромите им е наметнато да се адаптираат на начинот на живот на поголемите заедници, при што

како на најсиромашна и најранлива заедница не се нуди соодветна помош. Од нив се очекува да одговорат на стандардите на редовното образование, подмирување на трошоците за поседување на потребен училишен мартеријал и други наставни и вонннаставни активности,иако е апсолутно јасно и познато дека многу голем процент од ромската популација не може да одговори на овие барања. Наместо државата пасивно или со репресивни мерки да очекува Ромите да се вклучат во воспитно-образовниот процес, неопходни се проактивни и позитивни мерки со кои образованието „ќе им се доближи" на Ромите.

Како илустрација, ќе се изнесе сфаќањето на една учесничка во теренското истражување: „...Она што сè уште го немаме е создавање критична маса, за да може да се направи глобална промена и промена во средината. Сè уште се на ниво на исклучок и високообразованите Роми, а согласно на процентуалната застапеност, и оние со средно образование".

Отсуствува позитивна акција на државата и алтернативни мерки, како посебни бенефиции за училиштата кадешто се практикува инклузија на ромски деца и деца од други маргинализирани групи подложни на исклучување, а и бенефиции за задржување на децата во настава... Во формулите за финансирање на образованието, општините воопшто не добиваат бенефиции за училиштата кои работат со социјално депримирани деца подложни на исклучување, како што тоа се прави во случај со деца со посебни образовни потреби. Во рамките на позитивна акција, потребно е да се извлечат децата од „гетоата", потребно е развивање на „посакувани" училишта, кои ќе бидат посакувани и за деца од нeромска популација, со што ќе се стимулира интегрирањето на децата по различни основи, па и на етничка. А,отсуството од интеграција со текот на времето ги намалува квалитетот воопшто, критериумите, квалитетот на наставниот кадар,кадарот кој треба да биде подобро платен, кадар кој ќе останува и по училишното време и сл. Но,сепак во овие училишта Ромите треба да имаат привилегиран влез. Не да се даваат финансиски средства на семејствата, туку тие да се инвестираат во наставните цели во училиштето (интервју, експерт, НВО)".

Постојат многу предизвици со кои (ќе) треба да се соочат носителите и креаторите на воспитно-образовните политики во Р.М. при реализирање на активностите насочени кон подобрување на образованието на Ромите. Многу мерки, и покрај афирмативната

основа и извесни позитивни ефекти, се извор и на негативни ефекти или генерираат перманентни конфликти и застој (како што се некои активности во рамките на Декадата на Ромите, прашања во врска со програмите на стипендирање и менторирање, компатибилноста на програмите на дневните центри и др.).

Состојбите во некои сфери, кои се одразуваат и на образованието и на квалитетот на животот воопшто, го доведуваат во прашање почитувањето на човековите права и законите и се на ниво кое е нетипично за земји со функционална демократија. Такви се прашањата со малолетничкиот труд, малолетничките бракови, силната изразеност на сегрегацијата и предрасудите во образованието и др., кои бараат ургентна, суштинска и доброосмислена стратегија на дејствување. Оттука, нужен е систематичен приод кон многу прашања, инволвираност и соработка на сите релевантни страни, да се изгради стратегија за вистинско инклузивно образование, со цел да се изнајдат решенија кои ќе бидат од најдобар интерес за образованието на Ромите и воопшто за македонското општество. Општите слабости на средното образование на Ромите се:

- Отсуство на релевантна понова статистика за бројот на деца Роми на возраст за средно образование (возрасна група 14/15-18 години);
- Низок опфат на деца во средно образование (голем број на деца се уште не продолжуваат во средно образование од различни причини - традиција, голема сиромаштија итн);
- Постои потреба од зголемување на стапката на задржување и премин на учениците Роми од една во наредна година од средното образование;
- Добар дел од ромските ученици влегуваат во средно образование со помали предзнаења од основно, па затоа сеуште постои откажување на учениците Роми во средното образование;
- Недостаток од наставници-Роми во средно образование;
- Отсуство на политики и мерки за нивно повторно враќање во образованието;
- Несоодветни и нефункционални системи за поддршка на децата со ниски постигнувања (дополнителна настава, советувања, родителски училишта итн.) за да се задржат во училиште и да им се помогне соодветно да напредуваат;
- Висока стапка на средношколци Роми кои се под висок ризик да го прекинат и/или да го напуштат образованието заради привремени внатрешни и/или надворешни

миграции (преселба заради сезонска работа, случаи на лажно азилантство) или поради рани бракови;

- Недоволна застапеносат и учество на родителите Роми во телата на одлучување и управување во училиштата (родителски совети и управни одбори);
- Недоволна работа на училиштата со родителите и локалната зедница;
- Недоволно обучен кадар во средното образование, кој не е сензитивен за различностите и не е во состојба во целост да одговори на различните потреби на учениците.

Заради широкоприфатената проценка дека во контекст на Декадата на Ромите најмногу е направено во сферата на образованието и дека треба повеќе внимание да се обрне на другите области на дејствување, постои опасност активностите во поглед на образованието да го намалат својот интензитет.

Фактот што сме далеку од милениумските развојни цели, според кои до 2015 година сите деца треба да бидат во можност да ги комплетираат основното и средното образование, бара соодветен одговор од државните институции. Меѓу предизвиците кои бараат решение и со кои се соочува македонското општество, а пред сè извршните државни институции, се:

- „Соодветно имплементирање на предвидените цели и активности со ревидираниот Национален акционен план за образование од Стратегијата за Ромите во Р.М.";
- „Обезбедување пристап за децата-Роми до интегрирано предучилишно образование, како и квалитетно образование за Ромите на сите нивоа";
- „Воведување во редовниот воспитно-образовен систем на деца кои немаат документи за идентификација, децата од центрите за социјална грижа, бегалците, повратниците и младинците кои се наоѓаат помеѓу основно училиште и училиште за образование на возрасни";
- „Соодветен одговор и решенија од надлежните органи за високата застапеност на Ромите во специјалното образование е обид да се овозможи интегрирање и на овие ученици во редовните училишта според предвиденото со Програмата за инклузија";
- „Изнаоѓање сериозни мерки за надминување на постојната скриена или директна предрасуда во образованието кон децата-Роми";

- „Сериозен пристап кон третирањето на малолетничкиот или детскиот труд, кога децата реално учествуваат во обезбедувањето средства за животните трошоци, преку обезбедување услови за овие деца да го надополнат вакуумот во редовното учество во воспитно-образовните институции, обезбедување можност овие деца да бидат вклучени во училиште и надвор од местото на живеење";
- „Воведување мерки за стимулирање на Роми за упис на педагошките факултети, или нивно стипендирање и обезбедување работа како наставници по дипломирањето, со што реално би се намалила состојбата со недоволен број наставнички кадар – Роми";
- „Сензибилизирање и јакнење на компетенциите на наставниците за инклузивна образовна практика, за ефикасно да работат со деца од ранливи категории, со цел да им овозможат на децата да го остварат максимумот на своите потенцијали";
- „Надминување на состојбата со некомпатибилност на воспитно-образовните програми во дневните центри за децата од улица и редовната училишна програма, што доведува до тоа децата подоцна да не можат да се вклучат во редовно образование";
- „Стопирање со започнатите штетни процеси во кои курикулумите се „решаваат" по етничка формула, односно секоја заедница да е одговорна за „своите" програми, што генерира етноцентрични наставни содржини и продлабочување на сегрегацијата";
- „Изнаоѓање соодветна форма за реализација на изборниот предмет Јазик и култура на Ромите (како и предметите за другите етнички заедници), со која ќе обезбеди највисок степен на имплементација и вклученост на учениците, форма која ќе биде фактор на спојување на културите, а не уште еден фактор на подвојување";
- „Искористување на законските можности за улогата на локалната власт и нејзините органи во насока на унапредување на образованието и прилагодување на специфичностите на сите нејзини граѓани и поттикнување програми и активности во училиштата коишто ќе ги одразуваат етничката, културната и религиозната различност на учениците и вработените";

- „Обезбедување финансиски средства во училиштата за покривање на трошоците поврзани со редовната настава, училишните и вонучилишните активности, како фактор кој ги дистанцира децата од социјално загрозените семејства (од кои најбројни се ромските деца) од образование и ја засилува индиректната сегрегација".

Законот за основното образование[12] основното образование го определува како право на секое дете. Притоа, забранува дискриминација по основа на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој закон (член 2). Основното образование има задолжителен карактер и трае девет години. Согласно со правата утврдени во Уставот на Република Македонија, за учениците припадници на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница, на начин утврден со закон. (член 9). За остварување на успешен воспитно-образовен процес, неопходно е активно учество на родителот, односно старателот. Законот предвидува советувања за родителот/старателот во законски определени случаи.

Средното образование има исто така задолжителен карактер, согласно со Законот за средното образование.[13] Истото е бесплатно во јавните средни училишта. Забранета е дискриминација заснована на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба. Како и во случајот на основното образование, за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната дејност во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница на начин и под услови утврдени со овој закон. Во тој контекст, треба да се спомене и Законот за учебниците за основно и средно образование,[14] којшто уредува дека за учениците од припадниците на заедниците кои наставата ја следат на јазик и писмо

[12] „Сл. весник на РМ" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 41/14
[13] „Сл. весник на РМ". бр. 44/95, 24/96, 96/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14
[14] „Сл. весник на РМ, бр. 98/08

различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, учебниците се издаваат на јазикот и писмото на коишто се остварува наставата.

### 1.6.1. Бариерите за квалитетното образование на Ромите

- **Низок социјално економски статус**

Социјално-економскиот статус на поединецот влијае речиси во сите сфери од неговиот живот. Целта на оваа анализа е да се утврди врската помеѓу нискиот социјално-економски статус на родителите и децата и нејзиното влијание во воспитно-образовниот процес. Оваа врска доволно кажува за потребата на децата и родителите од приходите за овозможување на основните услови (храна, облека, учебни помагала итн), со цел олеснување и овозможување на пристапот на детето до соодветната воспитно-образовна установа. Детето треба да ги има задоволени првенствено фундаменталните потреби и моралните услови, како и психолошки да биде подготвено и задоволено во поглед на подготвеноста и прифатеноста од страна на останатите соученици и наставниот кадар, за да може успешно и професионално да напредува во областа на образованието. Во однос на децата Роми запишани во предучилишното образование, од извештајот на Декадната стража можеме да се забележи дека има најголем напредок во вклученоста на децата Роми во предучилишните установи.

Најголем процент позитивни одговори има кај испитаници од домаќинства чии приходи се од стипендија и плата, а најмал кај оние кои имаат приход од социјална помош и неформални активности. Најголем процент на негативни одговори, пак, има кај испитаниците кои живеат со помош од други. Од аспект на економската активност, процентуално најмногу позитивни одговори има кај формално вработените лица, а најмалку кај оние кои работат за надомест во јавниот сектор и волонтерите во приватниот сектор. Лицата кои работат за надомест во јавниот сектор, истовремено, во споредба со останатите групи, имаат и најголем процент на одговори за стагнација и влошување на состојбата. Дури 88% од испитаниците на Декадната стража за 2016 година сметаат дека се потребни стипендии за учениците Роми од основно и средно образование. Повеќе од половината од испитаниците како мерка ги предлагаат мешаните паралелки од ученици Роми и не-Роми.

Според истражувањето направено со младите Роми, на прашањето дали се соочиле со потешкотии/проблеми при запишувањето или во текот на образовниот процес, дури 58% од анкетираните одговориле дека се соочиле со финансиски проблеми.15% од испитаниците, млади Роми, се изјасниja дека имале потешкотии со познавање на јазикот на школување, односно јазични бариери, 21% се соочиле со дискриминација, и 6% воопшто не се соочиле со потешкотии во образованието.

- **Непознавање на јазикот на изучување, односно неможност за учење на мајчин јазик**

Јазичните бариери се показател на нееднаквоста на децата во воспитно-образовниот процес. Непостоењето на можност за учење на мајчиниот јазик претставува нееднаков третман во однос со заедниците кои имаат можност за студирање на мајчин јазик. Соочувајќи се со непознавањето на јазикот на кој студираат децата имаат понизок просек во споредба со останатите деца. Ако слабиот успех во училиште на децата кои не го познаваат јазикот е главно управувано од нивната економска ситуација, тогаш програмите насочени кон подобрување на образованието треба да бидат во голема мера доволни и насочени за да се намали јазот во образованието меѓу децата. Меѓутоа, ако кај сиромашните деца резултатите од школувањето се делумно послаби како последица на јазикот и други културни бариери, тогаш социјалните програми кои имаат за цел само подобрување на економските услови на заедницата нема да бидат доволни. За да се постигне еднаквост во воспитно-образовниот процес и намалување на јазот на учениците потребно е да се воспостави систем на образование на мајчиниот јазик. Според извештајот на Декадната стража испитаниците со средно образование, очекувано, како најсоодветни мерки најчесто ги посочуваат стипендиите, помошта во совладувањето на наставниот материјал и помошта за запишување на факултет.

Високообразованите, покрај овие мерки, предлагаат и организирање на дополнителни заеднички активности меѓу Ромите и не-Ромите, најмал приоритет даваат на воведувањето предмети за изучување на ромскиот јазик и култура. Според направеното интервју со Директорот на Управата за развој и унапредување на јазиците на припадниците на заедниците како пример за добра практика за развој на образованието на Ромите го утврдивме и проектот за образовни медијатори кој го имплементираше оваа

институција во соработка со Националниот Ромски Центар од Куманово, поддржани финансиски од Ромскиот Едукативен Фонд од Будимпешта. Имено овој проект во голема мера успеа да придонесе за подигнување на свеста во заедницата за образованието, вклученоста на децата Роми во основните училишта, активирањето на родителите во училиштата и надминувањето на јазичната бариера кај дел од учениците. Подготвен е и стратешки документ за воведување на ваквиот тип на поддршка во рамки на системот со цел да се има јавна политика која ќе им биде од корист на учениците. Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце" од Тетово, имплементира 3 годишен проект, поддржан од Ромскиот Едукативен Фонд Будимпешта, на ниво на Западна Македонија (Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар) за туторирање и менторство на деца Роми од 2 до 4 одделение, по предметите македонски јазик, англиски јазик и математика. Повеќе од три четвртини од анкетираните наставници во склоп на истиот проект се изјасниле дека туторските часови придонеле за подобрување на работните навики и за подобрување на редовноста на часовите кај туторираните ученици, речиси две третини сметаат дека овие часови позитивно влијаеле за зголемување на интересот кон читањето, како и за подобрување на дисциплината.

- **Нерегистрирани деца во матичните книги на родени**

Проблемот за нерегистрирани деца е многу сериозен и предизвикува повреда на многу други права на децата. Се појавуваат дополнителни повреди и проблеми во областа на човековите права, образованието, работа и работните односи, социјалната и здравствената заштита итн. На овие деца не им се овозможени основните права како на секој граѓанин во државата, и напоредно со тоа немаат пристап и до образование. Локалните самоуправи не ги вклучуваат децата во нивните стратегии и програми за образование и не се превземаат активности за инклузивно образование на децата без документација. Во 2015 година, Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги на евиденција започна со спроведување на акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на евиденција.

Во рамките на акцијата идентификувани биле 441 лице како неевидентирани лица во матичната книга на родените, а 85 лица биле евидентирани во матичната книга на

родените. Во рамките, пак, на спроведувањето на целосна постапка за упис во матичната книга на родените поднесени биле 4 барања за упис на лично име, 5 барања за дополнителен упис во матична книга на родените, 2 барања за издавање на лична карта. Со поддршка на Министерството за труд и социјална политика од идентификуваните лица како незапишани во матичната книга на родените е спроведена ДНК анализа за 32 предмета. Буџетот којшто се издвојува за ДНК анализа изнесува 463.600 МКД. Од страна на граѓанските организации направени биле напори за вклучување на нерегистрираните деца во инклузивно - образовниот процес, односно центри за подршка и помош за совладување на материјалот и добивање на диплома, која сепак не можела да им послужи за упис во понатамошното, средното образование. Управата за развој и унапредување на јазиците на припадниците на заедниците како орган во состав на Министерството за образование и наука покрај своите надлежности, одговорна е и за имплементација на обврските и активностите кои произлегуваат од Националната Стратегија за Роми и акцискиот и оперативниот план за образование. Согласно овие стратешки документи во делот на основното образование, осигуран е пристап, односно вклучување на сите деца кои се на училишна возраст во основното образование, вклучувајќи ги тука и децата кои не поседуваат лична документација од матичните книги на евиденција.

- **Дисфункционални семејства**

Министерството за труд и социјална политика спроведува програми за помош и поддршка на жртвите и членовите на дисфункционалните семејста. Под дисфункционално семејство се подразбира семејство во кое поради конфликти, често детето се занемарува или злоупотребува од страна на родителите кои се појавуваат постојано и редовно како водечки членови на кои останатите треба да се приспособат. Децата понекогаш растат во такви семејства со разбирање дека таквото однесување е нормално. Дисфункционалните семејства се првенствено резултат на ко-зависни возрасни, и исто така може да бидат погодени од болести на зависности, како што се злоупотреба на супстанции (алкохол, дрога и слично), или се со некоја ментална болест.

- **Дискриминација и сегрегација**

Дискриминацијата се појавува како една од најголемите препреки со кои се соочуваат младите Роми во сите аспекти на животот. Дискриминацијата спрема Ромите е сеуште на високо ниво во Р. Македонија. Тоа го докажуваат извештаите на институциите за заштита на човековите права и заштита од дискриминација. До Комисијата за заштита од дискриминација поднесени се 25 претставки за дискриминација по основ етничка припадност – Роми, од кои 4 претставки се однесуваат на деца Роми и тоа во областа на образованието. Во една од претставките комисијата утврди дискриминација од страна на Министерството за образование и наука и се однесува на учебник за 3 одделение, односно текст со дискриминаторска содржина спрема Ромите. Во истиот текст Ромите се наречени „Цигани``, а содржината на текстот упатува на тоа дека Ромите се музикален народ и знаат да свират на инструменти. Во другите две претставки, дејствието се случува во училиштето, каде децата Роми се навредувани од страна на наставник, односно соученик. Во однос на сегрегацијата, до комисијата поднесена беше претставка, во која како повредени лица се појавуваат учениците Роми во Битола. Имено се работи за системска дискриминација, и дискриминација од страна на родители на деца не-роми кои ги отпишуваат своите деца од училиште во кое остануваат да учат поголем број на ромски деца. Во Стратегијата на Ромите од 2004 година се забележува сегрегацијата на Ромите како проблем и фактор за нискиот успех, и напредок на децата Роми во училиштето.

## 1.7. Националните стратегии за образованието на Ромите

Министерството за образование и наука преку секторот за унапредување на основното и средното образование и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, во 2009 година во соработка со Министерството за здравство, ги ослободија граѓаните од плаќање на административна такса за потврда за имунизација која е еден од неопходните документи за уписи во прво одделение во основното образование. Ова ослободување најмногу го почувствуваа ромските семејства за кои овој трошок претставуваше сериозна пречка за упис на нивните деца во основно образование.

Прирачникот за недискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија беше модел на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во соработка со невладината организација Национален ромски центар од Куманово и останатите сектори во Министерството за образование и наука во 2010 година за да изработат прирачник за заштита и спречување од дискриминација во воспитно-образовниот систем во Република Македонија.

Генерална, односно општа цел на овој прирачник е да се постигне соработка и координација помеѓу сите надлежни институции и индивидуи вклучени во воспитно-образовниот систем во насока на обезбедување на еднакви услови и можности за квалитетно образование на сите деца без разлика на верска, национална, религиозна или било каква друга основа и да се воспостави систем на следење, кој ќе овозможи непречено и квалитетно одвивање на наставата за сите деца, преку меѓусебна соработка и вклученост на сите заинтересирани страни. Овој проект финансиски е целосно поддржан од Ромскиот едукативен фонд од Будимпешта, Унгарија.

Стратегијата за воведување на ромски образовни медијатори во воспитно-образовниот систем / Policy Paper е документ со основна цел да се дадат насоки и препораки за воведување на ромски образовни медијатори во основното образование во Република Македонија, по искуството стекнато од имплементацијата на активностите од кампањата за образование на Ромите, финансирана од Ромскиот едукативен фонд Будимпешта, како позитивен модел за обезбедување на квалитетно и еднакво образование на учениците од ромската заедница, имплементирана од Националниот ромски центар од Куманово.

Согласно динамиката за реализација на овој стратешки документ, предивдено е првите ромски образовни медијатори да бидат вклучени во системот во учебната 2014/15 година.

Доградбата на основното училиште „Браќа Рамиз и Хамид" во Општина Шуто Оризари е започната во мај 2013 година. Во училиштето ќе има 18 нови училиници и 3 кабинети за предметна настава. Оваа инвестиција во голем дел ќе обезбеди подобри услови за изведување на квалитетна настава и ќе го растовари изведувањето на наставата,

која во моментов се реализира во три смени.Доградбата ќе чини вкупно 66 000 000,00 МКД обезбедени од буџетот на Министерството за образование и наука.

Проект: Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образованието, во рамки на ИПА проектот. Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образованието е проект во кој се организираа обуки за директорите и наставниците во основните училишта. Обуките беа фокусирани на теории за интеркултурно образование чија цел беше да се сензитивизираат директорите на училиштата за диверзитетот на нивното училиште и да се приближат до концептот за интеркултурализмот и стратегиите за управување со интеркултурни училишни средини.Покрај ова, преку проектот беа реализирани 5 еднодневни и дводневни обуки за родителите Роми во општините Битола, Куманово, Прилеп, Скопје, Штип и Тетово. Со обуките беа опфатени вкупно 82 родители на ученици Роми.

Исто така, беа огранизирани дводневни и тридневни обуки за ромски образовни медијатори во општините Битола, Куманово, Прилеп, Скопје и Штип, преку кои беа опфатени вкупно 53 лица.

Кампањи за подигнување на свеста кај родителите Роми за упис на нивните деца во основно и средно образование, Министерството за образование и наука, преку Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, на почетокот на секоја учебна година и во текот на месеците август и септември во соработка со ромските невладини организации и ромските информативни центри организира акција за информирање на ромското население за упис на нивните деца во прво одделение основно образование и прва година во средно образование. Оваа акција се организира преку информативни работилници и директна посета на ромските фамилии во нивните домови. Целта е да се подигне свеста кај родителите преку информирање и помош за упис на нивните деца во основно и средно образование.

Намалени критериуми за упис добија учениците Роми во јавните средни училишта, Министерството за образование и наука согласно со Националната стратегија за Роми и Акцискиот план за образование, од учебната 2009/2010 година во Конкурсот за уписи во јавните средни училишта. Пропишано беше дека учениците од ромската етничка заедница

можат да се запишат во одредено јавно средно училиште, ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно со Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаење и вештини во соодветното училиште.

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, петта година во континуитет го реализира Проектот за стипендирање, менторство и туторство на средношколци Роми. Општа цел на овој проект е преку позитивни интервенции да се зголеми проодноста и успехот на учениците Роми од прва, втора, трета и четврта година од сите државни и приватни средни училишта во Република Македонија. Со овој проект, се опфатени ученици стипендисти од околу 84 училишта и 28 општини ширум Република Македонија.

Проектот се одвива во три фази: стипендирање, менторство и туторство.Целта на менторството е да се обезбеди дополнителна поддршка на средношколците Роми за совладување на наставниот материјал по предметите со кои учениците имаат потешкотии.Третата фаза од проектот е ангажирање на тутори за поддршка на учениците матуранти, степендисти на овој проектот. Со ангажирање на овие професори/тутори учениците добиваат дополнителна помош за полесно совладување на материјата за полагање на државната или училишната матура, за полесно совладување на еден од избраните екстерни или интерни предмети. Во учебната 2015/16 вкупно се доделија вкупно 626 стипендии за средношколци Роми во две категории.

Во доградбата на средното училиште во Општина Шуто Оризари е завршено со изградбата на средно комбинирано гимназиско и стручно училиште во Општина Шуто Оризари, во која ромското население е мнозинство и истото согласно со предвидената динамика ги прими првите ученици во текот на учебната 2014/15 година.

Бесплатни учебници, превоз и сместување во ученичките домови, Владата на Република Македонија преку Министерството за образование и наука веќе неколку години го реализира проектот за бесплатни учебници, исто така следува и бесплатен превоз и сместување во ученичките домови. Сето ова се одлични предуслови за учениците Роми да го продолжат своето образование и да постигнат солидни резултати.Во

академската 2010 година за првпат ромскиот јазик и култура е воведен како изборен предмет на Филолошкиот факултет во Скопје.

Покрај овие мерки на Министерството за образование и наука во развојот на образованието на Ромите свој придонес дадоа домашни и меѓународни фондации и организации преку поддршка и директна реализација на проекти фокусирани кон оваа целна група.

Ромскиот едукативен фонд од Будимпешта во соработка со Министерството за труд и социјална политика – ОИСДР, секоја година во 20 општини во Република Македонија вклучуваат 400-450 деца во предучилишното воспитание и образование. Со проектот ''Добар старт'' покрај поддршката на 100-120 деца за вклучување во предучилишните установи, на истите им се обезбедува облека и хигиенски средства и се опфатени со имунизација, како и вклучување на нивните родители во активности преку кои им се дава образовно-интегративна поддршка за образованието на нивните деца.

Друга значајна интервенција се: проектот за туторска помош на децата Роми од 2, 3 и 4 одделение во сите основни училишта во општините: Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар, кој го реализира невладината организација СОНЦЕ од Тетово, проектот за ресоцијализација на повозрасни деца (8-11 години) кои го напуштиле или воопшто никогаш и не биле дел од воспитно-образовниот процес, кој се реализира во соработка со НВО Светла иднина од Кочани, стипендирањето на средношколци и студенти Роми од медицинските училишта и факултети, како и стипендиите за студентите Роми кои студираат во и надвор од земјава. Исто така, голем придонес е и поддршката за образование на возрасните Роми која Ромскиот едукативен фонд неколку години station наназад ја дава на ромското населени во источниот дел од земјата, преку невладините организации ТЕРНИПЕ МК од Делчево и Светла Иднина од Кочани.

Од голема важност е да се напомене, дека од почетокот на Декадата за вклучување на Ромите, Фондацијата отворено општество - Македонија во партнерство/поддршка со УСАИД, Детската фондација Песталоци, Ромскиот едукативен фонд, ОБСЕ, Амбасадата на Кралството Холандија и Амбасадата на Република Унгарија спроведе неколку проекти насочени кон подобрување на образовниот статус на Ромите во Р.М. Во рамките на овие проекти се спроведоа следниве активности:

- Преку 500 основци Роми добиваа вонучилишна поддршка во пишувањето на домашни задачи, совладување на наставните содржини и подрготовка за писмени задачи;
- Беа обезбедени 2547 стипендии и менторство за средношколци и 1100 стипендии за студенти Роми;
- Преку 1400 наставници присуствуваа на обуки за социјална правда, интерактивни методи на настава, интеркултурно образование, соработка со родителите итн;
- Повеќе од 1500 родители беа вклучени во работилници за прашања поврзани со образованието на нивните деца.

Сите наброени интервенции придонесоа за зголемување на бројот на ромски ученици со завршено основно,средно и високо образование.

Голем придонес во последните две години е и интервенцијата на Министерството за труд и социјална политика заедно со Светска банка,преку условните парични трансфери во средното образование,како и големиот број на активности на канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и останатите ромски невладини организации.

Како потврда за гореспоменатите интервенции и резултати што се постигнаа во изминативе 8 години е и истражувањето што го направи д-р. Маја Геровска Митев за потребите на Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП, канцеларија во Скопје насловен како "Преглед на остварениот напредок при спроведувањето на Националната стратегија за интеграција на Ромите и на напредокот во социо-економскиот стандард на Ромите".

Според неа, од почетокот на Декадата на Ромите во 2005 година, најевидентен напредок е направен во областа на образованието на Ромите. Иако амбициозните цели утврдени во Стратегијата и во акциските планови не се целосно остварени,има видливи подобрувања во вкупниот опфат на ромските деца и млади во воспитно-образовниот систем. Поконкретно, од 2005 година остварени се:

- Пораст на бројот на ромски деца опфатени со предучилишно образование од 1,5% на 4%;

- Пораст од 0,84% на бројот на деца со завршено основно образование (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 27,5% на бројот на запишани Роми во средно образование и пораст на бројот на ромските ученички од 29,5% (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 49% на младите Роми со завршено средно образование, и пораст на ромските ученички од 73,2% (во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 11,4% на бројот на ромски ученици запишани на факултет и пораст на ромските ученички од 19,7% (во академската година 2009/10 во споредба со 2006/07);
- Пораст од 69,2% на бројот на дипломирани Роми и пораст од 57% меѓу дипломираните студентки-Ромки (во академската година 2011 во споредба со 2007).

Меѓутоа, за образовната вклученост на Ромите во земјата сè уште остануваат одредени важни предизвици. Во извештајот се забележува дека во учебната година 2011/12 во споредба со 2006/07, имало намалување од 0,74% на бројот на деца во основното образование. Освен тоа, бројот на ромски деца во специјалните училишта останува висок. Исто така, евидентиран е мал напредок во однос на порастот на писменоста и образованието за возрасни, а недостига и детална и сеопфатна евиденција за децата опфатени во училишниот систем.

Проблемите и потребите утврдени од страна на сите релевантни заинтересирани страни, кои ќе бидат предмет на делување на оваа стратегија, се идентификувани во областите: предучилишно образование, основно образование, средно образование, високо образование, образование за возрасни и образование на деца со посебни потреби.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 2. Методологија на истражувањето

## 2.1. Предмет на истражување

Ова истражување дава преглед на состојбата и степенот на образовната вклученост на учениците од ромска националност во средното образование во две општини и град Скопје во Р. Македонија: Гостивар, Прилеп и Скопје. Истражувањето се реализира во општини во кои живеат поголеми заедници на Роми, што дава можност за добивање на релевантни податоци за оваа популација. Со цел да се навлезе подлабоко во анализата на образовниот статус на учениците Роми од средношколската популација се земаат во предвид и националниот и локалниот контекст, како и националните и локалните политики и законодавство насочени кон Ромите, а како важен фактор во процесот на креирање и имплементација на политиките насочени кон Ромите се самите воспитно-образовни институции (средни училишта). Од тие причини целни групи на истражувањето се: стручните служби на средните училишта во рамките на деветте општини и наставниците во средните училишта. Во овој контекст предметот на истражување се ставовите и мислењата на стручните служби и наставниците за образовниот статус на учениците Роми во средното образование.

## 2.2. Цел и карактер на истражувањето

Истражувањето по својот карактер е теоретско, емпириско, квалитативно, квантитативно и современо.

Целта на истражувањето е да се испитаат ставовите и мислењата на стручните служби и наставниците за образовниот статус на учениците Роми во средното образование. Во истражувањето целта е испитувана од аспект на:

1. испитување на релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование;
2. редовноста во посетувањето на наставата и осипувањето на учениците Роми во средното образование;
3. дидактичките компоненти на наставата во средните училишта;
4. испитување на можностите за образовна компензација во средното образование;

5. испитување на образовните потреби на наставниот кадар во средните училишта во кои учат ученици Роми;
6. испитување на моделите на соработката меѓу семејствата на учениците Роми, стручната служба во средното училиште и наставниците и формите на таа соработка.

## 2.3. Задачи на истражувањето

1. Да се маркираат позначајните релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование.

2. Да се испитаат ставовите и мислењата на стручните служби за редовното посетување на наставата, т.е. осипувањето на учениците Роми во средното образование.

3. Да се испитаат дидактичките компоненти на наставата во функција на образовната поддршка на учениците Роми во средното образование.

4. Да се испитаат формите на образовна компензација во функција на образовниот развој на учениците Роми во средното образование.

5. Да се испитаат образовните потреби на наставниците за работа со учениците Роми во средното образование.

6. Да се испитаат зачестеноста, формите и моделите на соработка меѓу семејставата на учениците Роми, стручната служба и наставниците.

## 2.4. Општа хипотеза

Според стручните служби и наставниците од средното образование, учениците Роми во средните училишта имаат потреба од дополнителна поддршка за зајакнување на нивниот образовен статус.

### 2.4. 1. Посебни хипотези

1. Постои потреба од маркирање на позначајните релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование.

2. Според стручните служби од средните училишта постои нередовно посетување и осипување од наставата од страна на учениците Роми во средното образование.

3. Дидактичката поставеност на наставата недоволно го поддржува образовниот развој на учениците Роми во средното образование.

4. Постојат елементи на образовна компензација кои се во функција на образовниот развој на учениците Роми во средното образование.

5. Наставниците имаат образовни потреби за работа со учениците Роми во средното образование.

6. Постои низок степен на соработка меѓу семејствата на учениците Роми, стручната служба и наставниците од средните училишта.

## 2.5. Методи, техники и инструменти

Во истражувањето се користени следните научни методи: анализа, синтеза, дедукција, индукција и генерализација.

Истражувачки користени техники: анализа на релевантна документација, анкетирање.

Истражувачки инструменти: прашалник за стручните служби во средните училишта и прашалник за наставниците.

## 2.6. Варијабли

**Независни варијабли:**

1. Релевантна документација (закони, стратегии, извештаи)
2. Дидактичките компоненти на наставата
3. Форми на образовната компензација во функција на образовниот развој на учениците
4. Ученици Роми во средното образование.

**Зависни варијабли:**

1. Редовноста, т.е. осипувањето на учениците Роми во средните училишта.
2. Ставовите и мислењата на стручните служби од средните училишта.
3. Ставовите и мислењата на наставниците од средните училишта.
4. Образовниот статус на учениците Роми во средното образование.

## 2.7. Примерок на истражување

1. Примерок на општини (учениците од ромска националност во средното образование во две (2) и град Скопје во Р. Македонија: Гостивар. Прилеп и Скопје).

2. Примерок на средни училишта (вкупно 22 средни училишта, со гимназиски образовен статус 9, економски 3, медицински 2, и средно технички училишта 8)

3. Примерок на стручни служби во средните училишта ( вкупно ќе се анкетираат 17 педагози, 10 психолози, 3 социолози и 6 дефектолози, со вкупен број на анкетирани членови на педагошка служба од 36).

4. Примерок на наставници (класни раководители) во средните училишта (во секое училиште се анкетирани најмалку по 4 наставници, вкупно 84 наставници).

**Табела бр. 1 Анкетирани субјекти според тип на училиште и работно место по општини**

| | | ТипУчилиште | | | | Работноместо | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | гимназија | | средно-стручно | | Наставник | | Педагошка Служба | |
| | | f | N % | f | N % | f | N % | f | N % |
| Општина | Гостивар | 17 | 34.0% | 33 | 66.0% | 35 | 70.0% | 15 | 30.0% |
| | Прилеп | 13 | 25.0% | 39 | 75.0% | 34 | 65.4% | 18 | 34.6% |
| | Скопје | 8 | 44.4% | 10 | 55.6% | 15 | 83.3% | 3 | 16.7% |
| | Вкупно | 28 | 103,4% | 82 | 196.6% | 84 | 218.7% | 36 | 81.3% |

5. Примерок на релевантна документација (се анализирани законски рамки, документи и извештаи релевантни за оваа проблематика), почнувајќи од Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, 2014 Министерство за труд и социјална политика – Декада и стратегија за Роми, Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели, Програма за развој на Обединетите нации, Народен правобранител на Република Македонија (2016), Годишен извештај за 2016 година - Влада на Република Македонија (2016), Фонд за образование на Ромите (2007-16), Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите - Будимпешта, Фонд за образование на Ромите (2007-16) Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите (работна верзија), Будимпешта.

## 2.8. Обработка на податоците

Во истражувањето се применувани квантитативна и квалитативна обработка на податоците. При квантитативната обработка се користат неколку статистички постапки од областа на дескриптивната и инференцијалната статистика, и тоа: определување дистрибуција на фреквенција, процентуално и графичко претставување на фреквенциите, линеарна регресија и t-тест (податоци добиени од прашањата од затворен тип). За обработка на податоците, од ваков карактер, се користи Статистички систем за социјалните науки (IBM SPSS 20.0). Останатите податоци, добиени од прашањата од отворен карактер, квалитативно се обработени и анализирани.

## 2.9. Календар на истражувањето

Истражувањето е реализирано во периодот од ноември 2017 до декември 2017 година. Истражувањето се спроведе преку неколку етапи, на терен со анкетирање на суб примероците и потоа внес на добиените податоци во SPSS системот , обработка на истите и потоа документирање на истите со соодветни квантитативни и квалитативни анализи.

# АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 3. Анализа и интерпретација на резултатите добиени од истражувањето

## 3.1. Дескриптивна статистика на варијаблите – приказ на фреквенции

Целта на истражувањето беше да се испитаат ставовите и мислењата на стручните служби и наставниците за образовниот статус на учениците Роми во средното образование и тоа: преку факторијална анализа на позначајните релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование, преку статистичка анализа на редовноста во посетувањето на наставата и осипувањето на учениците Роми во средното образование, маркирање на дидактичките компоненти на училишната настава во средното образование, а потоа и можноста за образовна компензација на средно-училишно ниво, детектирање на вонучилишна воспитно-образовна поддршка, како и образовните потреби на наставниот кадар во средното училиште во кое учат ученици Роми и преку соработката со семејствата на учениците и стручната служба и наставниците и формите на таа соработка.

Со тоа, преку прикажување на фреквенциите на ставовите на анкетираните испитаници наставници и членови на педагошка служба во училиштата може да се заклучи дека главната цел на ова истражување е постигната преку интерпретација на посебните хипотези, а на крај со конклузивната статистика со т-тест анализа за разликите на средните големини по работно место и општина и интерпретација на главната хипотеза на истражувањето кое директно влијае на основната цел на ова истражување.

На почетокот на оваа анализа се прикажани заедничките ставови на наставниците и членовите на педагошката служба за состојбата на воспитно-образовниот процес кадешто учествуваат и учениците Роми, дали во посебни паралелки или заеднички паралелки со други ученици од други етнички заедници.

Според овие прикажани ставови ќе може да се утврдат постапките, механизмите, начините, потешкотиите, предлозите, образовните потреби, како на наставниците, така и на членовите на педагошката служба во училиштата, потоа соработките со другите институции, начините и фреквентноста на соработките и состаноците со родителите на овие деца, самиот ефект на овие соработки или нивното влијание врз подобрувањето на

воспитно-образовниот процес на овие деца и на крај сумирање на овие ставови и со тоа заокружување во еден генерален став на наставникот и педагошката служба за целокупниот воспитно-образовен процес со учениците Роми и нивните поединечни разлики по работно место како и потенцијалните разлики по општини.

На прашањето:Како се постапува со учениците Роми во Вашето училиште, на кое прашање одговараа и наставниците и членовите на педагошка служба, се утврди дека над 47% од испитаниците учениците Роми ги третираат исто како и другите ученици од другите заедници, околу 28% реализираат посебна индивидуална програма за учениците Роми и околу 25% ги третираат со посебна поддршка (овде се мисли на тие ученици Роми кои се стипендираат) и на тој начин тие веќе имаат посебна поддршка од страна на своите ментори кои се бираат од страна на професорите или педагошката служба. На некој начин, ако ги сумираме овие податоци може да заклучиме дека во училиштата каде е направено истражувањето постои речиси половина посебен третман на учениците Роми и половина третман на тие ученици исто како и другите ученици. Овие фреквенции се прикажани подоле во графиконот бр. 1:




**Графикон 1. Како се постапува во Вашето училиште со учениците Роми!**

Што се однесува до следното прашање: Какво е спроведувањето на наставата со овие ученици, дали тие се во посебни паралелки или се во исти паралелки со другите ученици од други заедници, исто така може да се заклучи дека околу 60% укажуваат на

тоа дека е тешко да се работи со нив или немаат мислење (тоа е индикатор на неможноста да се дефинира работата со учениците Роми што асоцира на потешкотија во работата) значи 27,5% мислат многу тешко, 30% немаат мислење, околу 22% мислат дека работата со ученици Роми е иста како и со другите ученици и околу 21% имаат став дека воопшто не е тешко да се работи со нив (графикон 2). Од друга страна, пак ставовите на наставниците и членовите на педагошката служба за оваа прашање директно се поврзуваат со образовните потреби на испитаниците, значи самата потешкотија во работата со овие ученици укажува на образовната потреба на испитаникот, што директно се поврзува со петтата помошна хипотеза на истражувањето.




**Графикон 2. Спроведувањето на наставата со учениците Роми**

Од помошната хипотеза 5. *Наставниците имаат образовни потреби за работа со учениците Роми во средното образование*од може да се заклучи дека над 51% од испитаниците имаат став дека тешко е да се работи со учениците Роми или пак немаат мислење,па укажува на тоа дека наставниците и членовите на педагошката служба имаат образовни потреби за настава и работа со учениците Роми во овие училишта каде што се спроведе истражувањето.

На следното прашање на ставовите на испитаниците за наведување на причините за потешкотиите во наставата и работата со учениците Роми како што е прикажано во графикон 3 подоле, може да се заклучи следното:




**Графикон 3. Причините за потешкотиите во наставата со ученици Роми**

Околу 30% од испитаниците ја маркираат „недоволната заинтересираност на родителите Роми за нивните деца во училиштето“ како главна причина за потешкотиите во наставата и работата со учениците Роми во образованието, потоа следи „неодговорното однесување на овие ученици во наставата и воннаставните активности“ со околоу 14%,а како следно во хиерархијата може да се наведат и „потешкотиите со читање и пишување на учениците Роми“, „честото прекинување на наставата„ „непочитување на правилата на однесување“ и друго. Од друга страна пак, овие заклучоци се во иста линија со содржината на трите први помошни хипотези на истражувањето:

*1. Постои потреба од маркирање на позначајните релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование.*

*2. Според стручните служби постои нередовно посетување и осипување на наставата од страна на учениците Роми во средното образование.*

*3. Дидактичката поставеност на наставата недоволно го поддржува образовниот развој на учениците Роми во средното образование.*

Од сето тоа, може да се заклучи, по утврдената хиерархија на потешкотиите, дека и осипувањето од наставата од страна на овие ученици (трета причина по хиерархија со 10.83%), па и дидактичката поставеност на наставата кое се иницира со „неодговорното однесување на овие ученици во наставата и вонпаставните активности" со околу 14%, (втора причина по хиерархија за потешкотиите),па резимето е дека овие горенаведени помошни хипотези се верифицираат и стојат како одржливи.

На следното прашање: Дали во училиштата се организираат посебни обуки за настава со учениците Роми, членовите на педагошките служби кои се најповикани за оваа работа одговорија дека околу 67.5% не организираат вакви обуки и околу 32% организираат посебни обуки за настава со учениците Роми (графикон 4 подоле), кои пак фреквенции соодветствуваат со горенаведените резултати од предходните прашања.




**Графикон 4. Дали се организираат посебни обуки за настава со ученици Роми**

Исто така, како дел од редовната ефикасна настава и работа со учениците во оваа истражување беше нагласена и потребата на техничко-материјални услови во самите училишта за спроведување на нормална настава. На прашањето за потребата на некои средства, посебно за работата со учениците Роми, наставниците и членовите на педагошките служби се произнесоа дека имаат потреба од некои прирачници со упатства

како да се работи или одржи настава со овие ученици со посебни нагласени методи и наставни механизми (над 24%) и потоа следеа сите други техничко-материјални потреби како во нормалната настава (графикон 5 подоле):



**Графикон 5. Матријали што недостасуваат при работа со ученици Роми**

На поставеното прашање за препораките, за кои наставниците, како и членовите на педагошките служби во училиштата мислат дека може да влијаат кон подобрување на целокупната настава и работа со учениците Роми, се покажа дека и наставниците и членовите на педагошките служби се согласуваат дека индивидуалното работење со учениците Роми придонесува кон најдобри резултати и според фреквенцијата 26.67% може да се заклучи дека се работи најверојатно за поранешните искуства на испитаниците, која фреквенција соодветствува со горенаведените фреквенции за прашањето како се постапува со учениците Роми. Потоа следи, исто така со значајна фреквентност „воннаставните активности„ и тоа со над 16% став на испитаници кое пак соодвествува со групната наставна форма на настава, исто така со процент од над 14% наставниците таргетираат индивидуалната наставна метода со овие ученици како позитивна алатка за подобрување на наставниот процес со ученици Роми, следи „обезбедување на скратени програми за учениците Роми, па квалитетната соработка со родителите, и друго, а сето ова е прикажано во графикон 6 подоле:




**Графикон 6. Според Вас кои се ефективните наставни форми и методи за подобра настава со учениците Роми**

Ако се надоврземе со шестата помошна хипотеза која гласи: *6. Постои низок степен на соработка меѓу семејствата на учениците Роми и стручната служба и наставниците*, според горенаведените фреквенции може да се заклучи дека постои мала заинтересираност на родителите на учениците Роми за соработка со училиштето посебно со педагошката служба во неа, и со тоа се докажува дека оваа помошна шеста хипотеза се потврдува и е одржлива.

Исто така, вреди да се напомене и фактот дека самите горенаведени прашања беа и од отворен карактер каде што испитаниците можеа сами да нагласат свои мислења и ставови за наставата и работата со учениците Роми, така што од сумираните квалитатини анализи во ова истражување може да се истакнат со посебен акцент овие наведени точки како начини и сугестии за подобрување на квалитетот на самата настава и работа со овие ученици:

- поддршка на учениците Роми и нивна инклузија при реализација на воспитно-образовните цели во гимназиското образование;

- поддршка на сите ученици што учат во училиштето без разлика на етничката припадност;
- нема посебна поддршка за учениците Роми, бидејќи имаат третман како и сите останати ученици;
- соработка со наставниците кои им предаваат на учениците Роми и соработка со родителите;
- индивидуална работа за едукативна поддршка, вклучување во воннаставни активности, работа и соработка со семејствата;
- подобрување на успехот и редовноста на учениците,обезбедување на еднаков третман и еднакви можности на сите ученици,грижа за здравјето на учениците,социјална инклузија;
- потребна работа со ученици и родители,мотивирање на учениците Роми за постигнување подобар успех во наставата;
- мотивирање на учениците Роми за редовна посета на настава и нивно вклучување во сите наставни и вонанаставни активности во училиштето и соработка со родителите на овие ученици.

Следното прашање беше од отворен карактер како сугестија на испитаникот, а се работеше за тоа според кои начини подобро би се вклучиле во образовниот процес учениците Роми (графикон 7):




Графикон 7. Според кои начини подобро би се вклучиле во образованието учениците Роми

Точно 50% од испитаниците мислат дека воннаставните активности се добар начин за вклучување на учениците Роми во квалитетен наставен процес, најверојатно мислејќи како мотивационо средство во наставата, 27.5% имаат став дека скратените образовни програми можат да играат улога во подобрувањето на начините за поуспешно вклучување на учениците Роми во наставата, и 22.5% се потпираат на индивидуалната и групната настава со овие ученици. А, потоа испитаниците сами и детално укажуваат на посебни програми и проекти за оваа намена, наведени во следните точки:

- образование на Ромите (поттикнување и мотивација во работата на различни секции, активности), МОН, Декада на ромите и USAID;
- Декада на Ромите(Поттикнување), МОН, USAID, Образование на Ромите;
- Erasmus+ (во сите проекти), дете правобранител, безбедност во училиштата;
- менторство на учениците Роми (поддршка и инклузија на учениците Роми), USAID, мировно образование (надминување на предрасуди), МЕЃАШИ;
- Проект за стипендирање и туторство/менторство на ученици Роми(дополнителна поддршка за подобрување на успехот,редовноста и социјализацијата на учениците) МОН;
- Декада на Ромите, посебно финансирање-стипендии за ученици Роми за нивна стимулација за учење и сл.;
- посебно училиште и целосно вклучување во воспитно-образовниот систем, дополнителна мотивација, посебни стипендии од разни категории;
- програма за менторирање на учениците Роми, стратегија за образавание на учениците Роми;
- задолжително средно образование, да не постои етничка дискриминација, да не постои дискриминација во однос на можностите и способностите на учениците, едукација(обуки) на родители и наставници;
- ј.п. Проект „Образвоание на Ромите " , з.р. Задолжително средно образование, ј.п. „Бесплатни учебници за секое дете";
- „Жолта месечина" - доделување на стипендии на учениците, како и на менторите кои ги водат, но сето тоа е погрешно бидејќи, местото какво што е обмислено да се работи има контра ефект каде истите ментори им ги даваат потребните оценки врз

основа на кои меѓу колегите се донесува одлука се со цел да не се изгуби тенденцијата, а воедно да ги оправдаат средствата кои ги земаат;

- со доделување на одредени ментори од страна на Министерството за образование и наука и доделување на стипендии се поттикнуваат учениците Роми активно да се вклучат во образовниот процес;
- веќе неколку години наназад се спроведува т.е. се доделуваат стипендии за учениците Роми во средните училишта и тоа е добар поттик за инклузија на учениците Роми во образовниот процес;
- еднаков пристап до образованието за сите Роми, надминување на стереотипите и предрасудите кон Ромите и нивно вклучување во секаков вид воспитно-образовен процес.

Исто така, испитаниците беа прашани за формите на соработка кои се спроведуваат со овие ученици, кои пак форми не се разликуваат од секојдневните методи на соработка,иако потенцираат дека слабо се одзиваат родителите Роми на соработка (графикон 8):




**Графикон 8. Кои форми на соработка спроведувате во Вашето училиште!**

Како што се гледа во горенаведениот графикон може да се заклучи дека доминира формата на „заеднички разговори ученик-родител-педагошка служба„ со над 39% од испитаниците, наспроти другите форми од кои може да се нагласат „индивидуалните разговори родител-педагошка служба", потоа „организирање на работилници" и „родителски состаноци". Притоа следеше прашањето: Дали ваквата форма или поддршка помага, одговорите беа интересни,а од графикон 9 подоле може да се заклучи следното:



Графикон 9. Дали ваквата поддршка помага!

Над 51% немаат мислење што со тоа се подразбира дека се скептични во овој сегмент или пак уште немаат јасен став за поддршката на формата на соработката кое „очигледно" помага во наставниот процес со овие ученици, а тоа пак, ако се сумира со процентот на испитаниците кои мислат дека воопшто не помага таквата форма на соработка (16.66%) тогаш може да се заклучи дека има образовна и педагошка потреба од нови практики и програми за работа со учениците Роми во воспитно-образовниот ситем.

И последното прашање во ова истражување кое се потпира на работата на другите институции за генералните права и вклученост на Ромската заедница во општествените процеси во Република Македонија, со кои институции соработува училиштето во овој сегмент за учениците Роми, во графикон 10 подоле, се прикажуваат следните фреквенции:




**Графикон 10. Институции со кои соработувате за потребите на учениците Роми**

Над 49% нагласуваат дека соработката со невладиниот сектор кој работи за образованието на учениците Роми и генерално на Ромската популација, потоа над 22% нагласуваат соработката меѓу самите средни училишта од една општина, притоа следи соработката со основните училишта за размена на податоците и секторт за образование во самата општина како дел од овој процес.

Ако во овој дел се надоврзаме со самата содржина на помошната четврта хипотеза, да се потсетиме: *4. Постојат елементи на образовна компензација кои се во функција на образовниот развој на учениците Роми во средното образование*, може да се заклучи дека постојат елементи на образовни компензатори во функција на образовен развој на учениците Роми, но со самиот факт дека овие невладини организации одамна работат во оваа поле не може да се заклучи дека, освен процентуалната стапка која е во пораст на вклучување на Ромската популација во образовниот процес, не може да се констатира и за квалитетот на наставата и работата со учениците Роми во воспитно-образовниот систем во Република Македонија.

## 3.2. Конклузивна статистика и интерпратација на хипотези

Според содржината на главната хипотеза на истражувањето може да се наведе дека се потребни конклузивни статистички методи, почнувајќи од групирањето на сумираните податоци, а потоа нивното рангирање и категоризирање во трите степени на индикативност. Прво,потсетување на главната хипотеза на истражувањето: *Според ставовите и мислењата на стручните служби и наставниците, учениците Роми во средното образование имаат потреба од дополнителна поддршка за зајакнување на нивниот образовен статус,* значи како што е наведено, сумираните генерализирани ставови во трите степени на индикативност може да се прикажат на следниот начин според процентуалната фреквентност како во графикон 11 подоле:




**Графикон 11. Генерален став за работата со учениците Роми во анкетираните училишта**

Значи, 45% од испитаниците имаат став дека е многу тешко да се работи во воспитно-образовниот процес со учениците Роми, потоа 38.33% мислат дека може да се работи со учениците Роми, но со мали потешкотии и наспроти тоа 16.66% од испитаниците мислат дека работата со учениците Роми е исто како и со другите ученици. Но, сепак индикативен и сињифакивен е процентот на испитаниците кои мислат дека е многу тешко да се работи со учениците Роми, затоа освен што наставниците и

педагошките служби имаат образовни и педагошки потреби, ургентно треба надлежните образовни државни институции да се занимаваат со оваа проблематика.

Од сите овие горенаведени заклучоци се поставува прашање дали има статистичка разлика помеѓу ставовите на наставниците и членовите на педагошката служба за да се појасни оваа реална слика од аспект на релевантен извор. За оваа намена подоле во табела 2 се прикажани средните големини на ставовите на наставниците и членовите на педагошките служби за статистички обработка на разликите со т-тест.

**Табела 2. Т-тест за средните големини на генералните ставови за работата со учениците Роми во наставата по работно место**

| Работно_место | | N | Средна Големина | Станд. Девијација | Станд. Грешка |
|---|---|---|---|---|---|
| СТАВ | Наставник | 84 | 7.60 | 1.908 | .208 |
| | Педагошка Служба | 36 | 7.47 | 2.184 | .364 |

**Табела 3. Сињификантноста за горенаведените разлики - Independent Samples Test**

| | t-test за средните големини | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | T | df | Sig. (2-tailed) | Диферентност | Станд. Грешка | 95% граници на валидитет | |
| | | | | | | Долна | Горна |
| СТАВ | .310 | 118 | .757 | .123 | .397 | -.664 | .910 |
| | .293 | 58.983 | .770 | .123 | .419 | -.716 | .962 |

Во табела 3 погоре се наведени сињификантите за горенаведените разлики помеѓу средните големини од каде може да се заклучи дека разликата е статистички незначајна (0.757 > 0.05) за втората граница на веројатност, со други зборови <u>може да се заклучи дека генералниот став за работата со учениците Роми не се разликува од самиот работен статус на испитаникот, дал се работи за член од педагошка служба или е наставник во воспитно-образовниот процес со учениците Роми.</u>

Исто така, од друга страна се поставува прашањето дали овие ставови се еднакви или се исти и во трите општини каде што се изврши истражувањето, кое исто така со анализа на Анова т-тест може да се наведе заклучок од самите табели ,подоле табела 4 со приказ на средните големини на генералните ставови за работа со ученици Роми по општини, и табела 5 со прикажаните коефициенти на сињификантност за потенцијалните разлики помеѓу средните големини:

**Табела 4. Анова т-тест за средните големини на генералните ставови за работата со учениците Роми во наставата по општини**

| | N | Средна Големина | Станд. Девијација | Станд. Грешка | 95% граници на валидитет | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Долна | Горна |
| Гостивар | 50 | 7.38 | 2.108 | .298 | 6.78 | 7.98 |
| Прилеп | 52 | 7.46 | 1.873 | .260 | 6.94 | 7.98 |
| Скопје | 18 | 8.33 | 1.879 | .443 | 7.40 | 9.27 |
| Вкупно | 120 | 7.56 | 1.986 | .181 | 7.20 | 7.92 |

**Табела 5. Сињификантноста за горенаведените разлики - ANOVA**

| | Збир на Квадрати | df | Големина на Квадрат | F | Sig. |
|---|---|---|---|---|---|
| Помеѓу групи | 12.889 | 2 | 6.444 | 1.651 | .046 |
| | 456.703 | 117 | 3.903 | | |
| Вкупно | 469.592 | 119 | | | |

Во табела 5 во последната колона е прикажана сињификантноста од 0.046<0.05 статистички значајна за втората граница на веројатност, што со други зборови може да се заклучи дека има разлика во генералните ставови за работа со ученици Роми во зависност од општината во која се наоѓа училиштето, и тоа разлика помеѓу две групи , првата група (1) ја сочинуваат општините Гостивар и Прилеп и втората група (2) ја сочинува општините во градот Скопје. Со тоа, исто така може да се заклучи дека ставовите за работата со учениците Роми се поистакнати во град Скопје,а тоа значи и дека потешкотиите со работата со овие деца во Скопје повеќе се нагласуваат, наспроти во другите две општини.




**Графикон 12. Нивото на ставот за работа со ученици Роми според Општина**

## 3.3.Дискусија за резултатите

- Се утврди дека над 47% од испитаниците учениците Роми ги третираат исто како и другите ученици од другите заедници, околу 28% реализираат посебна индивидуална програма за учениците Роми и околу 25% ги третираат со посебна подршка овде се мисли на тие ученици Роми кои се стипендираат и на тој начин тие веќе имаат посебна поддршка од страна на своите ментори кои се бираат од страна на професорите или педагошката служба, но симптоматично е дека од проектот менторство или туторство на учениците Роми некои испитаници кои се дел од овој проект како ментори веќе искажале став дека е многу тешко да се работи со овие ученици и нормално се поставува прашањето дали овој проект има позитивно влијание врз образовната социјализација на учениците Роми, дали некој извршил евалуација на овој проект или дали пак извештаите проследени од овие активности се формални и без забелешки, и сл.
- Се заклучи дека околу 60% укажуваат на тоа дека е тешко да се работи со нив или немаат мислење (тоа е индикатор на неможноста да се дефинира работата со учениците Роми што асоцира на потешкотија во работата), значи 27,5% мислат многу тешко, 30% немаат мислење, околу 22% мислат дека работата со ученици Роми е исто како и со другите ученици и околу 21% имаат став дека воопшто не е тешко да се работи со нив. Исто така, и овде може да се наведе сериозниот пристап

на неколкуте проекти кои се реализираат веќе неколку години во нашиот воспитно-образовен систем за учениците Роми како програми на Европската Унија кои на терен не даваат некакви резултати, освен квантитативни бројки за извештаите кои се проследуваат во европската унија и Министерството за образование и култура.

- Заклучено е дека над 51% на испитаниците имаат став дека тешко е да се работи со учениците Роми или пак немаат мислење,што укажува на тоа дека наставниците и членовите на педагошката служба имаат образовни потреби за настава и работа со учениците Роми во овие училишта каде што се спроведе истражувањето. Освен што поединачно на наставниците и членовите на педагошката служба им се потребни образовни концепти за работа на оваа маргинализирана заедница, исто така треба системски пристап за подигање на свеста и на родителите на овие ученици, но и севкупно преку социјални програми целата ромска заедница да се вклучи во реализацијата на квалитетна настава за овие деца и еднаш засекогаш да се диференцира формалноста од квалитетот кој е детерминанта за една здраво општество.
- Околу 30% од испитаниците ја маркираат „недоволната заинтересираност на родителите Роми за нивните деца во училиштето“ како главна причина за потешкотиите во наставата и работата со учениците Роми во образованието, потоа следи „неодговорното однесување на овие ученици во наставата и воннаставните активности“ со околу 14%, следно во хиерархијата може да се наведат и „потешкотиите со читање и пишување на учениците Роми“, „честото прекинување на наставата“, „непочитување на правилата на однесување“ и друго.
- Околу 67.5% не организираат вакви обуки и околу 32% организираат посебни обуки за настава со учениците Роми.
- Испитаниците упатуваат на тоа дека имаат потреба од некои прирачници со упатства како да се работи или одржи настава со овие ученици со посебни нагласени методи и наставни механизми (над 24%). Според активностите кои ги водат невладините организации кои се финансираат од релевантни субјектки за оваа проблематика, од интервјуирањата кои се водеа пред да се анкетираат неколку испитаници се дојде до сознанија дека многуте прирачници кои

произлегуваат од самите проекти во воспитно-образовниот систем за учениците Роми се од формален карактер и тие се само индикатори за спроведен проект но ниеден во вистинска насока и посебни образовни начела и потреби.

- Индивидуалното работење со учениците Роми придонесува кон најдобри резултати и според фреквенцијата 26.67% овој процент се должи на ставот на испитаниците кои се или веќе биле ментори или тутори според истоимениот проект, кои уажуваат дека има позитивно подобрување, особено кога овие ученици се под надзор или пак тие чувствуваат дека некој сериозно се занимава со нив.
- „Воннаставните активности„ и тоа со над 16% став на испитаници кое пак соодвествува со групната наставна форма на настава, исто така со процент од над 14% наставниците таргетираат индивидуална наставна метода со овие ученици како позитивна алатка за подобрување на наставниот процес со ученици Роми, следи обезбедување на скратени програми за учениците Роми, па квалитетната соработка со родителите, и друго.
- 50% од испитаниците мислат дека вонннаставните активности се добар начин за вклучување на учениците Роми во квалитетна наставен процес. Исто така и овој став на испитаниците произлегува директно од нивното искуство, бидејќи оценуваат дека вонннаставните активности придонесуваат за нови пријателства меѓу децата и тоа е веќе чекор до сузбивање на стереотипите и предрасудите.
- 27.5% имаат став дека скратените воспитно-образовни програми можат да играат улога во подобрувањето на начините за поуспешно вклучување на учениците Роми во наставата, и 22.5% се потпираат на индивидуалната и групната настава со овие ученици.
- Доминира формата на „заеднички разговори ученик-родител-педагошка служба"со над 39% од испитаниците.
- Над 51% од испитаниците „немаат мислење" дали ваквата поддршка што се води во нивните училишта има позитивен ефект, што со тоа се подразбира дека се скептични во овој сегмент или пак уште немаат јасен став за поддршката на формата на соработката.
- Може да се заклучи дека има образовна и педагошка потреба од нови практики и програми за работа со учениците Роми во воспитно-образовниот ситем.

- Над 49% ја нагласуваат соработката со невладиниот сектор кој работи за образованието на учениците Роми и генерално на Ромската популација, потоа над 22% ја нагласуваат соработката меѓу самите средни училишта од една општина.
- Може да се заклучи дека постојат елементи на образовни компензатори во функција на образовен развој на учениците Роми, но не може да се констатира и тоа за квалитетот на наставата и работата со учениците Роми во воспитно-образовниот систем во Република Македонија.
- Генералниот став на испитаниците во оваа истражување резултира дека 45% од испитаниците имаат став дека е многу тешко да се работи во воспитно-образовниот процес со учениците Роми, потоа 38.33% мислат дека може да се работи со учениците Роми, но со мали потешкотии и наспроти тоа 16.66% од испитаниците мислат дека работата со учениците Роми е иста како и со другите ученици.
- Може да се заклучи дека генералниот став за работата со учениците Роми не се разликува од самиот работен статус на испитаникот, дали се работи за член од педагошка служба или е наставник во воспитно-образовниот процес со учениците Роми.
- Може да се заклучи дека има разлика во генералните ставови за работата со учениците Роми во зависност од општината каде се наоѓа училиштето. Овој интересен заклучок е индикатор за дополнителни квалитативни анализи за да се утврди што е тоа што ги разликува самите општини по ставот за потешкотиите за работата со учениците Роми, знаејќи го фактот дека освен локалните културни разлики општините не се разликуваат со содржините на наставните планови и програми и скоро истите проекти од невладини организации и министерствата се одвиваат во овие општини.

# ЗАКЛУЧНИ СОЗНАНИЈА И ПРЕПОРАКИ

## Заклучок и препораки

Сложеноста и обемноста на чинителите и структурните начела на воспитно-образовниот систем во Република Македонија, како и разликите во самите средни училишта од неколку образовни профили, потоа културните и социо-економските разлики во самите општини и градови кадешто ја следат наставата учениците Роми е индикатор за тоа дека од едно вакво истражување може да произлезат многу заклучоци и констатации од објективен карактер. Но, треба да се напомене дека има и субјективност, знаејќи го фактот дека истражувањето опфаќа една маргинализирана општествена заедница каде што испитаниците несвесно, без разлика на упатените јасни упатства се служат со стереотипи и предрасуди, кои и така се дел од оваа истражување.

Ако главната цел на оваа истражување беше да се испитаат ставовите и мислењата на стручните служби и наставниците за образовниот статус на учениците Роми во средното образование и според анализираното и заклученото, целта е испитувана од аспект на:

1. Позначајни релевантни фактори кои влијаат врз образовниот статус на учениците Роми во средното образование;
2. Редовноста во посетувањето на наставата и осипувањето на учениците Роми во средното образование;
3. Дидактичките компоненти на средно-училишната настава;
4. Можности за образовна компензација на средно-училишно ниво;
5. Вонучилишна образовна поддршка, како и образовните потреби на наставниот кадар во средното училиште во кое учат ученици Роми;
6. Соработката со семејствата на учениците и стручната служба и наставниците и формите на таа соработка.

Со сублимирањето на заклучоците и со аналитички осврт на самите тие заклучоци може да се наведе дека целта на ова истражување е постигната со тоа што се отворени многу дилеми и индикации како за работата на вонаставните проекти кои се реализираат со невладините организации и министерствата од Република Македонија, така и за реформските начела во самиот воспитно-образовен систем кои на некој начин не успеаjаа

овие последни години да ги социјализираат адекватно децата Роми посебно во воспитно-образовниот сегмент.

Според заклучните сознанија од теоретскиот дел на истражувањето, кадешто се наведени главните карактеристики на демографското опкружување на ромската заедница во контекст на заклучните сознанија од емпирискиот дел на истражувањето, може да се наведат неколку клучни аспекти со препораки во вид на предизвици со кои веќе се соочува Република Македонија, посебно вовоспитно-образовиот сегмент со најавените реформи и со соработката со Министерството за образование и наука и со Министерството за труд и социјална политика:

„Соодветно имплементирање на предвидените цели и активности со ревидираниот Национален акционен план за образование од Стратегијата за Ромите во РМ";

„Обезбедување пристап за децата-Роми до интегрирано предучилишно воспитание и образование, како и квалитетно образование за Ромите на сите нивоа";

„Воведување во редовниот воспитно-
образовен систем на деца кои немаат документи за идентификација, децата од центрите за социјална грижа, бегалците, повратниците и младинците кои се наоѓаат помеѓу основно училиште и училиште за образование на возрасни";

„Превземење сериозни мерки за надминување на постојната скриена или директна предрасуда во образованието кон децата-Роми";

„ Воведување мерки за стимулирање на Роми за упис на педагошките факултети, или нивно стипендирање и обезбедување работа како наставници по дипломирањето, со што реално би се намалила состојбата со недоволен број наставнички кадар - Роми;

„ Сензибилизирање и јакнење на педагошките компетенции на наставниците и членовите на педагошки служби за образовна практика, за ефикасно да работат со деца Роми, со цел да им овозможат на децата да ги остварат максимумите на своите потенцијали;

„ Искористување на законските можности за улогата на локалната власт и нејзините органи во насока на унапредување на образованието и прилагодување на специфичностите на сите нејзини граѓани и поттикнување програми и активности во училиштата коишто ќе ги одразуваат етничката, културната и религиозната различност на учениците и вработените;

„Обезбедување финансиски средства во училиштата за покривање на трошоците поврзани со редовната настава, училишните и вонучилишните активности, како фактор кој ги дистанцира децата од социјално загрозените семејства (од кои најбројни се ромските деца) од образованието и ја засилува индиректната сегрегација".

## Користена литература


Влада на Република Македонија. (2009). Извештај за напредокот кон милениумските развојни цели. Програма за развој на Обединетите нации.

Европски центар за малцински прашања (2005). Ромите за интеграцијата: Анализа и Препораки

MLSP, MOES. Multi-Annual Operational Programme Human Resources Development 2007-2013

МОН (2007). Концепција за деветгодишно основно образование и воспитание

Народен правобранител на Република Македонија (2011). Годишен извештај за 2010 година.

Petroska-Beška, V., Najčevska M., Kenig N., Ballazhi S., Tomovska A. (2009). Study on Multiculturalism and Inter-Ethnic Relations in Education [Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието]. Skopje: UNICEF.

Стратегија за Ромите во Република Македонија 2014-2020, 2014 Министерство за труд и социјална политика – Декада и стратегија за Роми

Spasovski, O., Ballazhi, S., Friedman, E. (2010). Mapping Policies and Practices for the Preparation of Teachers for Inclusive Education in Contexts of Social and Cultural Diversity:

Former Yugoslav Republic of Macedonia Country Report [Мапирање политики и практики за подготовка на наставниците за инклузивно образование во контекст на социјален и културен диверзитет: Извештај за Поранешна Југословенска Република Македонија]. Turin: European Training Foundation.

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2010). Извештај од истражувањето за утврдување на причините за нередовно посетување на основното образование кај децата-Роми. (Автори: Доневска, М., Богоевска, Н., Трбојевиќ, С.). Скопје: Про поинт

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2009). Коментар за остварувањето на правото на образование во Република Македонија. (Подготвиле: Мишиќ, Е., Ајановска-Глигорова, Т.) Скопје: Про поинт

Фондација Институт отворено општество – Македонија. (2009). Анализа на спроведувањето на изборниот предмет јазик и култура на Ромите.Скопје: Кома лаб

Фонд за образование на Ромите. (2014). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите, Будимпешта

Фонд за образование на Ромите. (2010). Унапредување на образованието на Ромите во Македонија - Процена на земјата и стратегиски правци на Фондот за образование на Ромите (работна верзија), Будимпешта

Министерство за образование и наука (МОН), Биро за развој на образованието. Национална стратегија за развој на образованието во Република Македонија, 2004 година. Достапно на веб-сајтот http://www.mon.gov.mk (симнато на 14 ноември 2007 година).

Министерство за труд и социјална политика (МТСП). Национална стратегија за Ромите во Република Македонија, МТСП, декември 2004 година. Достапно на ма- кедонски јазик на веб-сајтот http://www.mtsp.gov.mk (симнато на 14 ноември 2007 година).

Министерство за труд и социјална политика (МТСП). Акционен план од Декадата за вклучување на Ромите во Република Македонија, МТСП, ноември 2004 година. Достапно на македонски јазик на веб-сајтот http://www.mtsp.gov.mk (симнато на 14 ноември 2007 година).

Програма за поддршка на образованието. Мониторинг на образованието на Ромите, 2006 година. Статистичка основна студија за Средна, Источна и за Југоисточна Европа, Будимпешта: Open Society Institute, стр. 6.

Фонд за образование на Ромите (ФОР). Студија за проценка на потребите за Ос- новниот документ на Фондот за образование на Ромите, ФОР, 2004 година.

Фонд за образование на Ромите, Оценка на земјата и Стратегиски насоки за унапредување на образованието на Ромите во Македонија на Фондот за образование на Ромите, 2007 година. Достапно на веб-сајтот http://demo.itent.hu/roma/portal/downloads/Education%20Resources/Macedonia_report.pdf

Државен завод за статистика (ДЗС). Попис на домаќинствата, населението и стан- бените единици, 2002 година. Достапно на македонски/англиски јазик на веб- сајтот http://www.stat.gov.mk/pdf/kniga_13.pdf (симнато на 21 ноември 2006 го- дина). Република Македонија, Државен завод за статистика (ДЗС).

Основни и средни училишта во почетокот на учебната 2004/2005 година. (двојазично издание: македонски/англиски), јуни 2005 година, Скопје. Република Македонија, Државен завод за статистика (ДЗС). Предучилишни организации за нега и воспитување на децата 2015 година (двојазично издание: македонски/англиски), јуни 2015 година, Скопје, стр. 9.

Лакинска-Поповска, Д., Ранливоста на ромските деца во Општина Шуто Оризари, УНИЦЕФ и Светска банка, 2000 година. Достапно на веб-сајтот http://facta.junis.ni.ac.yu/teme/teme1-2002/Teme1-2002-06.pdf (симнато на 26 април 2017 година) или написот за социјалната наука TEME1/2002, Ниш, стр. 143–167.

УНДП. Профили на ранливоста, лица на сиромаштијата, лица на надежта, податоци за Македонија, Братислава, 2005 година. Достапно на веб-сајтот http://vulnerability.undp.sk/

УНДП. Податоци и показатели за општините во Македонија, реиздание, 2016 година.

# Прилози

**Прилог број 1 Прашалник за членови од стручни служби**

# ПРАШАЛНИК ЗА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**Почитувани:**

**Ве информираме дека анкетирањето е составен од евалуациски истражување кое има за цел да го утврди статусот на Вашето училиште,искуствата,капацитетите и компетенциите за инклузивно образование на ромската популација и соработка со релевантните институции на локално ниво.**

**Прашалникот се спроведува во рамките на истражување за магистерски труд.Истражувањето се спроведува во повеќе средни училишта во девет општини во Р.Македонија.**

**Прашалникот го пополнува член од стручната служба во Вашето училиште.Добиените податоци ќе бидат користени исклучително за потребите на магистерскиот труд.Прашалниците нема да бидат јавно достапни.Ве замолуваме за соработка и искрени одговори.**

**За одговарање на прашалникот Ви се потребни 10-15 минути.**

**Ви благодариме на соработката!**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ**

**1. Назив на средното училиште:**______________________________

**2. Тип на средното училиште:**

а) гимназија

б) средно-стручно

**3. Општина во која се наоѓа средното училиште:**____________________

**4. Работно место на лицето кое го пополнува прашалникот:**____________

**СТАВОВИ И МИСЛЕЊА ЗА ОБРАЗОВНАТА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ РОМИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ(од I до IV година)**

**5. Кои се приоритетните области на работата на стручната служба во Вашето училиште за образовна поддршка на учениците Роми?**(*наведете*)

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

**6. Наведете ги проектите на образовната инклузија на учениците Роми,во кои Вашето училиште било/е вклучено од 2015-та година до денес:**(*наведете за секој проект одделно*)

| Реден број | Назив на проектот | Цели на проектот | Организација од која бил финансиран проектот |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

**7. Наведете ги најчестите фактори кои имаат влијание врз образовниот статус на учениците Роми во текот средното образование и истите оценете ги како причини за осипување**(*Ве молиме рангирајте со оценка од 1 до 13,пришто 13 е најсилна причина*)**:**

**а)** низок социо-економски статус на семејствата на учениците Роми (____);

**б)** недоволно познавање на наставниот јазик за редовно следење на наставата (_____);

**в)** незаинтересираност од страна на самите ученици Роми (_____);

**г)** недоволна информираност на учениците и родителите за улогата на стручната служба во поддршката во образованието за учениците Роми (_____);

**д)** ниското образовно ниво на родителите Роми (____);

**ѓ)** високиот степен на осип на ученици Роми од средното образование (____);

**е)** недоволна соработка помеѓу родителите,наставниците и стручната служба (____);

**ж)** недостаток на буџетски финансиски средства за поддршка на инклузивно образование на ромската заедница (____);

**з)** мал процент на ученици Роми кои се вклучени во средното образование (____);

**ѕ)** дискриминација во воспитно-образовниот средноучилишен систем (____);

**и)** голем број на ученици од поголема возраст кои не се вклучени во средното образование (____);

**ј)** ________________________________________ друго (____).

**8. Оценете ја со оценка од 1 до 5 зачестеноста на појавите на осипување и на нередовност на учениците Роми во средното образование во Вашето училиште,при што оценката 1 е со најниска вредност,а оценката 5 е со највисока вредност.** (*заокружете*)

---

**1** **2** **3** **4** **5**

**9. Според Вас во која година од образованието се појавува најголемиот степен на осипување кај учениците Роми во средното образование?** (*заокружете само еден одговор од понудените)*

**а)** прва **в)** трета

**б)** втора **г)** четврта

**10. Според Ваше мислење,кои се ефективни наставни форми и методи за поддршка на образованието на учениците Роми?** (*може да се заокружат повеќе од понудените одговори)*

**а)** индивидуалана форма на наставна работа;

**б)** индивидуализирана форма на наставна работа;

**в)** групна форма на наставна работа;

**г)** обезбедување на скратени програми за ученици кои не се вклучени во образовниот процес и се во поодминта возраст;

**д)** дополнителна настава;

**ѓ)** воннаставни активности;

**е)** соработка со родителите;

**ж)** ______________________________ (други решенија).

**11. Според Ваше мислење кои се начините преку кои можат да се вклучат учениците Роми од поголема возраст во средното образование (кои досега не биле вклучени или биле вклучени,па се осипале)** (*може да се заокружат повеќе од понудените одговори):*

**а)** преку изготвување на посебни скратени образовни програми;

**б)** преку организирање на индивидуализирана/групна настава;

**в)** преку организирање на воннаставни активности со поддршка од граѓански организации;

**г)** ________________________________________________ (други решенија).

**12. Дали Вашето училиште соработува со семејствата на учениците Роми кои се интегрирани во средното образование?** (*заокружете)*

а) да

б) не

**13. Доколку на претходното прашање сте одговориле со „да“,од понудените одговори изберете кои се најчестите форми и методи кои ги користите во соработката со семејствата на учениците Роми:** (*може да се заокружат повеќе од понудените одговори)*

а) родителски состаноци;

б) индивидуални разговори (родител – педагог / психолог);

в) заеднички разговори (ученик – родител – педагог / психолог);

г) групни средби со родители кои имаат еднакви или слични проблеми;

д) индивидуални советувања со родители;

ѓ) воннаставни активности;

е) организирање на работилници,

ж) вклучување на родителите во некои активности во наставниот процес;

з) домашни посети на ромските семејства;

ѕ) ______________________________________________ (други решенија).

**14. Сметате ли дека постојаната поддршка од Ваша страна и од надворешни експерти значително им помага на наставниците при работата со учениците Роми?** *(заокружете еден од понудените одговори)*

а) целосно се согласувам

б) се согласувам

в) воопшто не се согласувам

г) немам мислење.

## СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ НА ОПШТИНСКО И НА НАЦИОНАЛНО НИВО

**15. Наведете ги законските регулативи и јавните политики кои ги познавате,а се однесуваат на образовната инклузија на учениците Роми:**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

**16. Наведете со кои релевантни институции соработувате на локално ниво за поддршка и образовен развој на ромската популација?** *(може да се заокружат повеќе одговори, рангирајте при што 1 е најниска вредност, а 5 е највисока вредност)*

а) предучилишни установи 1 2 3 4 5

б) основни училишта 1 2 3 4 5

в) средни училишта 1 2 3 4 5

г) други невладини организации 1 2 3 4 5

д) сектор за образование при општината 1 2 3 4 5

***Ви благодариме на соработката!***

**Прилог број 2. Прашалник за наставниот кадар во средните училишта**

## ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**Почитувани:**

**Ве информираме дека анкетирањето е составен од евалуациски истражување кое има за цел да го утврди статусот на Вашето училиште,искуствата,капацитетите и компетенциите за инклузивно образование на ромската популација и соработка со релевантните институции на локално ниво.**

**Прашалникот се спроведува во рамките на истражување за магистерски труд.Истражувањето се спроведува во повеќе средни училишта во девет општини во Р.Македонија.**

**Прашалникот го пополнуваат наставници во Вашето училиште.Добиените податоци ќе бидат користени исклучително за потребите на магистерскиот труд.Прашалниците нема да бидат јавно достапни.Ве замолуваме за соработка и искрени одговори.**

**За одговарање на прашалникот Ви се потребни 10-15 минути.**

**Ви благодариме на соработката!**

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**1. Назив на средното училиште:**____________________________________

**2. Тип на средното училиште:**

а) гимназија

б) средно-стручно

**3. Општина во која се наоѓа средното училиште:**______________________

**4. Работно место на лицето кое го пополнува прашалникот:**_____________

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5. Предавам** *(заокружи)*:

а) општообразовни предмети

б) стручни образовни предмети

в) практична настава

## СТАВОВИ И МИСЛЕЊА ЗА ОБРАЗОВНАТА ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ РОМИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ(од I до IV година)

**6. Спроведувањето на наставата и работата со ученици Роми ја оценувате како:**
(*заокружете еден одговор)*

а) многу тешка

б) иста како со сите други ученици

в) воопшто не е тешка

г) немам мислење

**7. Доколку сте го избрале одговорот под „а“ на првото прашање од овој дел, од понудените одговори изберете ги причините заради кои работата со учениците Роми за наставниците е „многу тешка“?** *(може да се заокружат повеќе од понудените одговори)*

**а)** учениците Роми имаат потешкотии со читањето, пишувањето и зборувањето на наставниот јазик;

**б)** честите отсуства од наставата;

**в)** честото прекинување на наставата;

**г)** неодговорно однесување кон наставните и воннаставните задолженија;

**д)** незаинтересираност за време на наставните часови;

**ѓ)** непочитување на правилата и редот во училиштето;

**е)** несоодветно однесување кон соучениците и наставниците,

**ж)** недоволна заинтересираност на родителите за училишниот успех на нивните деца;

**з)** ниското образовно ниво на родителите;

**ѕ)** недоволна соработка со родителите на учениците;

**и)** ________________________________________ (други решенија).

**8. Наведете дали стручната служба од Вашето училиште организира обуки/работилници за наставниците од областа на образованието на ученици од ранливите групи:** *(заокружете)*

**а)** да

**б)** не

**9. Доколку на претходното прашање сте одговориле со одговорот „да“ наведете ги темите на реализираните обуки/работилници:**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

**10. Наведете ги образовните материјали кои според Вас им недостасуваат на наставниците при работата со учениците Роми?** *(може да заокружите повеќе од понудените одговори)*

**а)** прирачници

**б)** помошни работни материјали

**в)** дидактички материјали

**г)** учебници

**д)** аудио и видео материјали

**ѓ)** ______________________________________________ (друго).

**11. Според Ваше мислење,кои се ефективни наставни форми и методи за поддршка на образованието на учениците Роми?** (*може да се заокружат повеќе од понудените одговори)*

**а)** индивидуалана форма на наставна работа;

**б)** индивидуализирана форма на наставна работа;

**в)** групна форма на наставна работа;

**г)** обезбедување на скратени програми за ученици кои не се вклучени во образовниот процес и се во поодминта возраст;

**д)** дополнителна настава;

**ѓ)** воннаставни активности;

**е)** соработка со родителите;

**ж)** _______________________________ (други решенија).

**СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ НА ОПШТИНСКО И НА НАЦИОНАЛНО НИВО**

**12. Наведете ги законските регулативи и јавните политики кои ги познавате,а се однесуваат на образовната инклузија на учениците Роми:**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

***Ви благодариме на соработката!***